**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Педесет и првата седница на Собранието на**

**Република Македонија, одржана на 15.01.2004 год.**

Седницата се одржа во зградата на Собранието, сала 1, со почеток во 11,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ја отворам 51-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Трифун Костовски, Љупчо Мешков, Петар Наумовски, Ристо Пејовски, Љубчо Георгиевски, Љубе Бошковски, Никола Груевски и Али Ахмети, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

На седницата присуствуваат 85 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се, претседателот на Република Македонија и претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе Законот за дополнување на Законот за доброволно предавање и собирање на огнено оружје, муниција и експлозивни материи и за легализација на оружјетео.

Предлогот на Законот Ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување на овој закон по итна постапка.

Нема претставник и ова го одлагаме.

Пратеникот Томе Тромбев, предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Барање за давање на автентично толкување а член 13 од Законот за концесији.

Барањето за давање на автентично толкување Ви е доставено.

Го молам пратеникот Томе Тромбев да ја образложи итната и неодложна потреба Барањето за автентично толкување да се разгледа на оваа седница.

Има збор пратеникот Томе Тромбев.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Благодарам претседателе.

Јас поднесов барање за автентижно толкување на членот 13, став 1 од Законот за концесии во октомври и од тогаш заврши целокупната процедура пред Законодавно-правната комисија која на својата седница, одржана на 18 декември 2003 година го разгледа барањето и до Вас достави Извештај. Извештајот на ЗПК и Барањето се доставени со писмо број 10-6320/23 од 29 декември 2003 година, со кои Комисијата бара, ова барање за автентично толкување да се разгледа на првата наредна седница на Собранието односно на оваа 51 седница.

Барањето за автентично толкување го поднесов, бидејќи сметам дека при одземањето и доделувањето на концесиите за вршење на радио-дифузна дејност, ставот 1 на членот 13 од Законот за концесии, предизвикува одредени дилеми во неговата примена. Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија со констатациите во Извештајот по ова Барање ќе придонесе за надминување на состојбите во оваа сфера.

Затоа, од тие причини сметам дека е потребно Собранието на оваа седница да го разгледа ова Барање.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Предлогот на пратеникот Томе Тромбев, Барањето за давање на автентично толкување да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 76 пратеници, 66 пратнеици гласале за, воздржани 5, против гласале 5 пратеници.

Констатирам дека предлогот на Томе Тромбев го ставам на гласање.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог за донесување на закон за основање на Државен универзитет во Тетово, со Предлог на закон;

2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за државјанството на Република Македонија;

3. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за индустриската сопственост, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за основното образование, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Владата на Сојузна Република Германија за преземање и транзитен превоз на лица (Договор за реадмисија), со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Владата на Сојузна Република Германија за финансиска соработка во 2003 година, со Предлог на закон;

7. Барање за давање на автентично толкување на член 13 став 1 од Законот за концесии, поднесено од пратеникот Томе Тромбев;

8. Предлог на декларација за поднесување на барање за членство на Република Македонија во Европската Унија;

9. Предлог на одлука за задолжување на Владата на Република Македонија да поднесе барање за членство на Република Македонија во Европската Унија;

10. Предлог на декларација за поддршка на Светиот архиерејски синод на Македонската православна црква;

11. Предлог за разрешување на заменикот на министерот за здравство.

Дали има некој предлог за изменување или дополнување на предложениот дневен ред?

За збор се јави пратеникот Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

За денешната седница, во дневниот ред на денешната седница предлагам, врз основа на член 66 став 2 од Деловникот за работа, да биде поставена точката Информација за поплавите, кои што се случија кон крајот на ноември од 29 до 01.12. 2003 година и која што ги зафати населените места Градско, Балдовци и Сечево. Ве

молам, г-дине претседателе, ако ми дозволите да ја образложам итноста од поставување на точката на дневен ред.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Само бидете рационални и не водете материјална расправа.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Во ред, благодарам.

На седницата што беше одржана на 9.12.2003 година, една недела после настанот кој што се случи, значи после поплавите што ги зафати дел од Срумичкиот регион, пратениците, јас како предлагач и колегата Паљошкоски, поднесовме информација до овој Парламент. Сите вие, почитувани колеги, ја имате информацијата, знаете што се случи, знаете дека беа направени големи штети на граѓаните, кои се населени покрај текот на реката Тркаиња, знаете дека беа загрозени граѓаните од село Градско, село Балдовци, од штетите кои што ги направи поплавата односно силните водни ударни бранови врз телото на браната Маркова Река и дека постеше опасност браната да пукне и буквално да биде збришано од лицето на земјата селото Градско, Балдовци, меѓутоа да бидат загрозени и другите населени места по течението на реката Тркаиња.

Јас нема повеќе да елаборирам во врска со тоа, бидејќи доволно беше тоа што го кажав на седницата на 9 декември, меѓутоа, ќе се задржам малку повеќе на што во наредниот период барав, бидејќи не беше од страна на Собранието прифатено да расправаме по информацијата, се обидов на седницата, која што беше за пратенички прашања на 25.12. да добијам одговор од Владата кои итни мерки се преземени во врска со санирање на штетните последици од оваа поплава, штетните последици направени врз телото на браната, значи, санирање на оштетувањето на браната, а и итно доградување на браната за повторно на наредните дождови да не и се случи истото, што се случуваше пред само месец и половина. Одговорот од г-динот Славко Петров, беше дека Владата реагирала итно и соодветно, дека на браната Маркова река е веќе констатирано дека во текот на година и неколку месеци има два вакви случаи, кои што не ги проценуваат како катастрофални, меѓутоа, исто и тој рече дека можат да бидат потешки, доколку траеја повеќе поројните дождови и доколку сеј повторат. Не извести дека беше формирано координативно тело или кризен штаб од професори на градежниот факултет, од стружни служби на министерството, кои прават увид и кои до тој ден до 25.12. не беше готов проектот односно елаборатот што е тоа што треба да се направи, за да се санираат штетните последици и да се спречат евентуално идни

штетни последици по граѓаните од овие населени места. Меѓу другото, г-динот Петров кажа дека веднаш биле предвидени средства.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Бонева, образложете ја итноста за  10 минути.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Господине претседателе, јас треба да образложам зошто барам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да, но вие водите материјална расправа, а ако дојде како точка на дневен ред тогаш ќе се води расправа. Повелете, имате 10 минути.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Мое право е, г-дине претседателе, да образложам зошто повторно барам да се постави точката на дневен ред.

Еве, не го образложувам тоа што досега го имам кажано досега на претходната седница.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжете.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Господинот Петров кажа дека се предвидени средства за да се санира сето тоа што сите последици кои беа претрпени од страна на Владата. На седницата кога беше буџетот, поставив амандман за санирање на една од штетните последици, за што не беа одобрени пари, а тоа беше мостот кој што беше срушен при поплавата и кој што го поврзува селото Градско - Балдовци, со градот Струмица. Јас сеуште незнам дали се готови елаборатите, што има преземено Владата и токму заради тоа, бидејќи граѓаните секојдневно гледаат кога се насобираат облаци над небото, дали повторно ќе удрат силни дождови итн. Токму заради тоа, тоа е итноста од поставувањето на точката на дневен ред, бидејќи идни вакви дождови би можеле да бидат катастрофални за населението од целиот овој регион. Токму заради тоа, почитуван господине претседателе и колеги пратеници, токму заради тоа да не ни се случи повтроно тоа, барам од сите вас поддршка да ја разгледаме оваа информација. Да видиме колку за тоа има одделено средства Владата и да ја задолжиме под итно да се преземат сите потребни мерки и да не информира што има преземено во овој период.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го ставам предлогот на Информацијата во врска со поплавите во Струмичко, да влезат во денешниот дневен ред на гласање. Тука нема материјална расправа.

Ве молам да гласаме.

Повелете.

Вкупно гласале 89 пратеници, за гласале 29 пратеници, воздржани 2, 58 пратеници гласале против.

Со тоа констатирам дека предлогот на пратеникот Силвана Бонева не е прифатен.

Во врска со дневниот ред, има збор пратеникот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам, претседателе, почитувани колеги пратеници,

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и пратеничката група на Либералната партија на 26.12.2003 година, побараа на дневен ред да се стави на една од слендите седници Информацијата за убиството на Диме Ицковски - Поштарот од село Булачани. Меѓутоа, и покрај минатите повеќе од 50 дена оваа информација не се става на дневен ред и затоа јас барав да се стави точка на дневен ред на оваа седница. Ќе ја образложам итноста и зошто ние тоа го бараме.

Инаку, Владата со допис на 26.12. го информира Собранието дека оваа точка не треба да се стави на дневен ред, бидејќи МВР работело согласно своите надлежности и активности предвидени со законот.

Сакам да потенцирам дека тоа што Владата, практично, се ограни од оваа информација, ни дава сомнеж за вистината при која што се служи убиството на Диме Ицковски Поштарот. Претседателот на Собранието сметам дека требаше да најде начин оваа точка да ја стави на дневен ред, со оглед на тоа што застанаа две пратенички групи со голем број на потписи. Оваа точка ја бараме, ја барам и јас како пратеник, бидејќи сум пратеник од Изборната единица број 2 од општина Гази Баба, во која што се наоѓа и селото Булачани, што значи ги познавам луѓето од таму. Тие ја бараат вистината во врска со убиството на Диме Ицковски. Сметаме дека МВР ги пречекори своите овластувања, не покажа професионалност при оваа акција, постапи доста сурово, при што ги загрози животите на населението на општина Карпош, каде што се изврши убистовото. При тоа, се уби човек, кој што во својата биографија воопшто нема насилство, најмалку има убиство, човек кој што нема агресивност. Впрочем и самата личност Диме Ицковски во село Булачани ужива углед. Впрочем и на неговиот погреб се собраа сите, 5 до 6 села и повеќе граѓани од

градот Скопје, повеќе илјади граѓани, а сето тоа зборува дека Диме Ицковски, не бил опасен по околината во која што живеел и пошироко. Ние како пратеничка група сметаме дека овој начин на кој што беше буквално ликвидиран починатиот Диме Ицковски е начинот на кој што најмалку требаше да се употреби. При тоа, полицијата употребува и селективни методи, значи, од потерницата има и луѓе кои се убијци и кои слободно се шетаат низ Република Македонија, меѓутоа, на нив воопшто не беа применети вакви методи. Населението е вознемирено и со оглед на тоа што во кризните региони овие лица слободно се шетаат, има и лица кои ги загрозуваат и виталните институции на Република Македонија, тие исто така кон нив не применуваат вакви методи, уште повеќе што се создаде една лоби група која имаше разговор со Министерот за внатрешни работи и уште повеќе што се закажа состанок со претседателот на Република Македонија, г-динот Борис Трајковски, на кој што ќе се разговараше за смалување на неговата казна или евентуално делумно помилување итн. Сето тоа ќе влијаеше за една подобра состојба во која што ќе можеше да биде приведен г-динот починатиот Диме Ицковски, меѓутоа, полицијата употреби метод кој што најмалку е потребен. Значи, на еден класичен каубојски начин во населбата Карпош во време околу 18,00 часот, време и место каде што има огромен број на граѓани кои што се движат, место кое што е многу прометно, начин на кој што беа загрозени и животите на граѓаните од околните згради, се испукаа огромен број на куршуми и практично беа изрешетани балконите, прозорите и зградите. Господинот Диме Ицковски беше изрешетанн со повеќе од 15 куршуми. Колку граѓаните се приврзани од неговото населено место кон него, зборува и за обидот во Државната болница, кога повеќе од 200 граѓани се обидоа да ја дознаат вистината дали е сеуште жив, на што полицијата исто така мораше брутално да делува.

Затоа, ние бараме оваа точка да се стави на дневен ред, бидејќи граѓаните на Република Македонија се крајно вознемирени, се со цел оваа точка кога би ја ставиле на дневен ред, би ја дознале правата вистина во врска со убиството на Диме Ицковски и со тоа на некој начин ќе знаеме дали полицијата ќе ја симнеме од дневен ред на некој начин, тврдењата дека полицијата постапува грубо, агресивно, селективно врз граѓаните на Република Македонија. На тој начин ќе им се оддолжиме на граѓаните кои го искажаа својот револт за убиството на починатиот Диме Ицковски.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодаам.

Го ставам предлогот на пратеникот Коце Трајановски на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 90 пратеници, 25 пратеници гласале за, нема воздржани, 65 пратеници гласале против.

Констатирам дека предлогот на пратеникот Коце Трајановски, не е прифатен.

За изменување или дополнување на дневниот ред се јави и пратеникот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе,

На 25.12. 2003 година, под број 07-6548/1 во 13,00 часот преку архивите на Собранието на Република Македонија до Вас беше доставена инфорамција од група пратеници од ВМРО-ДПМНЕ, информација за ангажираноста на Владата на Република Македонија за укинување на визниот режим за граѓаните на Република Македонија, за земјите од Европската Унија.

Во таа информација ви достаивме и пропратно барање со кое што баравме оваа информација да се стави на дневен ред на првата наредна седница на Собранието на Република Македонија .

Бидејќи оваа прва седница е токму наредна седница, или прва седница во новата 2004 година, како нова седница не сметајќи ги претходните кои беа во продолжение, искрено очековува и се надевав дека оваа точка ќе биде ставена на дневен ред. Дури не ја гледам и причината зошто не е поставениа. Затоа го користам правото согласно Деловникот да побарам оваа точка да биде ставена како точка од итен карактер, а образложениeто ќе се обидам да го кажам накратко.

Имено, сите ние сме свесни со какви се проблеми граѓаните на Република Македонија се судираат поради овој визен режим со членките на ЕУ кои што како заштитна мерка воведоа за сите земји кои не се членки во Унијата, кои не исполнуваат одредени стандарди за либерализација на овој режим, така да нашите граѓани навистина се соочуваат со големи проблеми. Што е она што тие го очекуваат од нас и како Собрание и како Влада?

Очекуваат да видат дали во овој правец Република Македонија преку своите институции и особеон преку Собранието на Република Македонија презема нешто

во тој правец и има ли изгледи за брзо време да се регулира ова прашање, поточно да се укинат Шенген - визите.

Во нашата информација предложивме три мерки за кои што сметаме дека на тој начин би можело да се реши многу побрзо и заради тоа ја поднесовме информацијата. Свесни дека таа ќе дојде и до Владата,

Тие основни услови се:

Потпишување, ратификација на договори за реамисија . Да напоменам дека Република Македонија такви договори има склучено со повеќе земји. Мал е бројот со кои што нема скучено такви договори. Тоа е една од мерките која што може да придонесе за забрзување за укинувањето на Шенген визите.

Изработка на современи патни исправи ,

Создавање на модерни патни премини.

Тоа е она што ние го предлагаме и го образложуваме на кој начин тоа го предлагаме. Јас нема да го злоупотербувам моето право да ја образложувам итноста и да кажувам материјално што се е кажано во Информацијата, меѓутоа би сакал и пратениците на позицијата или на парламентарното мнозинство да имаат чувство и да ја прифатат оваа информација која ја понудивме ние како пратеници да ја разгледаме сите заеднички. Нормално не се држиме на текстот што сме го напишале, тука сме да разговараме, меѓутоа во секој случај да иницираме и Владата преку таа расправа, преку својот претставник да ни даде една своја визија во тој правец што планира и кои се роковите и мерките што таа ги планира. Ние како пратеници при една таква дискусија да донесеме заклучоци со кое што би придонеле во решавањето на оваа проблематика.

Од тие причини почитуван претседателе, јас наведов дека оваа точка ќе биде ставена на дневен ред, но со оглед дека не е, користејќи го деловничкото право ги повикувам сите пратеинци да дадеме еден позитивен глас и да биде оваа точка ставена денеска на дневен ред, а се надевам дека ќе има време во текот на седницата и да се расправа по неа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Караџоски, но да ве информирам дека таа точка е ставена на дневен ред за седницата од 3 февруари, но вие имате право да побарате итна седница и затоа ве повикувам да гласаме за Предлогот на г. Караџоски.

Гласале вкупно 88 пратеници,

24 пратеници гласале за, воздржани нема и 64 против.

Констатирам дека предлогот на г. Караџоски не е усвоен.

Пратеникот Спиро Маврвски бара збор за допол.нување на дневниот ред.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Почитувани колеги јас би кажал нешто, нешто почна во далечната 1997 година. Скоро ќе бидат 7 години од пропаѓањето на Штедилницата "ТАТ" која одзеде повеќе од 100 човечки животи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Мавровски, ако може и да ви објаснам бидејќи таа точка е ставена..

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас само да образложам што се работи до итноста.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ставена е на дневен ред за седницата на 3 февруари, ако сакате за денеска повелете.

СПИРО МАВРОВКСИ:

За денеска.

Аферата "ТАТ" која одзеде повеќе од 100 човечки животи и голем број од тие луѓе и ден денеска неможат да сватат што се случи во далечната 1997 година, кога најдобриот менаџер во државата, советникот на СДСМ во битолскиот градски совет беше затворена а "ТАТ" отиде во стечај. Залудни беа тогашните јавно искажани зборови токму од оваа говорница од тогашниот и сегашен премиер..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Мавровски, јас навистина ве молам зборувајте за итноста , немојте да евоцирате спомени, туку зборувајте за итноста. Во што е итноста дека денеска треба, кои проблеми ќе се разрешат со тоа што денеска ќе се стави на дневен ред.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Ако не оставате ни да го образложам да стигнам до итноста, тогаш ќе ви кажам што е итноста.

Итноста е во овој момент македонската берза сертификатите кои што СДСМ на граѓаните им вети пред изборите дека ќе се претворат во обврзници и токму поради тоа голем дел од граѓаните на Република Македонија не ги реализираат овие конвертабилни сертификати во моментот нивната вредност на Македонската берза изнесува 14,28 од номиналната вредност.

Г-дине претседателе ако тоа во месец декември 2003 година беше 23%, ако во август 2002 година беа 54% сега стигнавме до некои 14%, ако колегите пратеници кои исто така имаат предложено закон за “ТАТ” на 16 октомври 2003 година, ако тој закон сеуште не е влезен на една седница на Парламентот ние стигнуваме до тоа ако и понатаму продолжиме, затоа што се ближи крајниот рок за укунување на важноста на сертификатите, овие сетификати и од предвидените 14,28% може да стигнат и до 1%.

Затоа г. претседателе ја гледам итноста за поставување на овој закон токму на денешната седница, за да можеме што побрзо да проговориме заради овие штедачи кои што верувајќи во коалицијата за Македонија не ги реализираа своите штедни конвертабилни сертификати и во моментот нивната вредност која што ја има на пазарот изнесува 2,6 милијарди денари. Значи се работи токму заради таа итност, заради тоа што овие луѓе едноставно неможат да ги реализираат своите сертификати, затоа што државата не им обезбедува да можат да купуваат она што тие стварно можат да го купат од државниот имот. Токму тука ја гледам итноста и затоа сакав да образложам малку повеќе да стигнам до овие показатели, но бидејќи инсистирате дека тоа е тоа, еве ја итноста.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повторно да ве информирам дека двата закони за “ТАТ” предложени од две групи на пратеници се ставени на дневен ред за седницата од трети февруари, но онрмално ова е причина по ваше мислење да го ставам вашиот предлог за итноста на гласањето.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 80 пратеници.

За гласале 21 пратени, воздржани двајца и 57 против.

Констатирам дека Предлогот на пратеникот Спиро Мавровски не е усвоен.

Има збор г. Балковски.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

На 45 седница на Собранието на Република Македонија одржана во вторникот точката 7 - Предлог на закон за изменување и дополнување на законот за телекомуникации едноставно не се донесе односно не се водеше расправа и мој предлог оваа точка 7 од 45-тата седница да биде на дневен ред на денешната седница, затоа што и во самото објаснување на Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за телекомуникации врс основа на член 175 и 176 од Деловникот на Собранието на Република Македонија се предлага законот да се донесе по итна постапка заради следните неодложни потреби.

До крајот на декември 2003 година Управата за телекомуникации треба да наплати околу 4 милиони евра на име надоместок за користење за радиофрекфенции, наплата за доделени броеви, наплата за надзор и вршење на технички преглед на Македонски телекомуникации, Мобимак, Космофон и други субјекти.

Овој Предлог закон е донесен на седница на Влада на 24 ноември 2003 година, така да ова што го кажувам сега е од минатата година и Владата уште од тогаш апелира доколку не се донесе овој закон до крајот на оваа година, 2003 година од една страна ќе биде намален приливот на средства во Буџетот на Република Македонија, а од друга страна и функционирањето на Управата за телекомуникации ќе биде доведено во прашање од причини што наплатата на овие надоместоци се врши на годишно ниво и крајниот рок за наплатата на надоместоците истекува на крајот на минатата година.

Ова е во самиот Предлог на закон, а заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија госпоѓата Радмила Шеќеринска до претседателот на Собранието има испратено писмо каде што се кажува дека Владата предлага Собранието овој закон да го донесе по итна постапка поради следните неодложни потреби.

Обезбедување на извори за финансирање на Управата за телекомуникации преку наплата на надоместоци за користење на радиофрекфенции и броеви преку решенијата што се вградени во измените на овој закон усогласени со Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија. Доколку овој закон не се донесе до крајот на годината, сепак ова е од минатата година, се кажува дека Управата за телекомуникации не ќе може да наплати околу 4 милиони евра од Македонските телекумуникации, Мобимак, Космофон и други субјекти.

И други предлози содржи овој Предлог на закон, меѓутоа ова се најважните измени на Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за

телекомуникации и без разлика што не се донесоа до крајот на минатата година требаше да се донесе во вторникот на 45-тата седница. Сепак и тогаш заради ooобјективни причини не се донесе овој Предлог на закон предлагам на оваа седница, бидејќи ова е итна ситуација во интерес на државата да ја ставиме точката на дневен ред, а потоа ќе разговараме за предлозите дали треба или не треба овој закон да помине како што е предложен, на кој дури има и неколку амандмани предложени и од Комисијта за транспорт и врски и од други пратеници. Меѓутоа, да не чекаме да се закаже друга седница затоа што секој ден Управата за телекомуникации, Министерството односно Владата губи затоа што овие средства не можат да се наплатат.

Имаше еден предлог од Министерството и од Управата овие средства да се наплатат, меѓутоа сите овие субјекти што треба да платат, едноставно испратија допис каде што едноставно укажуваат дека немаат врз основа на што да ги платат овие средства.

Значи, предлогот е, ако се усвои на оваа седница да дискутираме за овој предлог на закон за да може Управата за телекомуникации, Министерството за транспорт и врски односно Владата и државата да ги користат овие средства односно прво да ги наплатат односно да ги користат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Балковски и уште три мои забелешки во врска со ова.

Прво, благодарам што како опозиција, исто како што и Владата треба да се заблагодари што како опозиција се грижите за нејзината работа.

Парламентот си ја наплати својата работа, но мислам дека тука беше неодговорноста на Министерството за транспорт и врски, бидејќи ние дојдовме до таа точка на дневен ред, они беа известени, не беа тука и Парламентот не ја разгледа точката, со што ние си ја завршивме нашата работа.

Вашиот предлог мислам дека ќе ја успори работата во донесувањето бидејќи ние имаме овде точки за кои што дискусиите ќе траат малку подолго време, а јас планирам во текот на идната недела да ја продолжам таа седница, односно да ја завршам седницата со Законот за телекомуникации. Мислам дека на тој начин побрзо ќе се донесе тој закон отколку сега да го ставаме како точка на дневен ред меѓу последните точки од дневен ред.

Сепак го ставам предлогот за итноста на овој закон на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 86 пратеници.

За гласале 25 пратеници, 2 воздржани и 59 против.

Констатирам дека предлогот на пратеникот Балковски не е усвоен.

За збор се јави г. Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, се работи за следното.

Ние како пратеници добивме решение за свикување на оваа седница во кое што е утврден дневен ред со тоа решение донесено од ваша страна и како прва точка е ставен законот за основање на државен универзитет во Тетово. Мојата процедурална забелешка во оваа смисла се однесува на следното.

Прво, ние со тој материјал добивме потполно ист, идентичен материјал како содржина на тој закон кој што беше веќе ставен на дневен ред на оваа седница и беше повлечен од страна на Владата.

При доставата од страна на Владата на првичниот предлог што беше доставен на претходната седница постоеше образложение дека бидејќи не е во прашање сложен и обемен закон Владата согласно член 152 став 1 од Деловникот кон предлогот за донесување на законот поднесе и предлог за донесување на законот со предлог по нив да се расправа на иста седница на Собранието.

Истото ова го имаме и во материјалите кои што ги добивме за оваа седница за првата точка од дневниот ред, меѓутоа има една дилема која што се јавува кај мене, а која што се однесува на следното.

Во првичниот допис од 18.11, кој што истиот ден е примен во ова Собрани, Владата на Република Македонија вели дека поднесува Предлог за донесување на закон за основање на државен универзитет во Тетово што го утврди на седницата одржана на 17.11.2003 година.

Предлогот што го добивме од Владата за оваа седница воопшто не е наведено на која седница на Владата е утврден овој предлог на закон за основање на државен универзитет.

Ако се работи за истиот предлог на закон, јас не знам зошто повторно се појавува потребата од итност, зошто не се почитува деловничката одредба, прво да се разгледува предлогот за донесување на закон, а после јавната расправа да следи донесување односно расправа за донесување на закон за основање на државен универзитет во Тетово.

Значи, овие прашања треба да се одговорат и сметам бидејќи не постои предлог што е утврден на седница на Влада, бидејќи претходниот е повлечен и како таков не може да се третира како идентичен, затоа што ако е идентичен тогаш ние веќе имаме расправано и која беше смислата на расправата во овој Парламент по тоа прашање.

Истовремено сакам да кажам дека Владата го повлече со писмен допис тој предлог на закон и веднаш после ден, два, 31.12.2003 година во 10,50 часот во ова Собрание го доставува целосно од збор до збор, од буква до буква.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Стојановски времето ви истече.

Вие фактички предлагата точката еден да се симне од дневен ред.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Да, заради деловнички грешки кои што се појавија ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи зборуваме за дневниот ред, вие процедурално не дадовте предлог во врска со некои измени на дневниот ред. Дали вашиот предлог е да се симне точката 1 од дневниот ред.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Мојот предлог е г. претседателе вие да ја симнете оваа точка од дневен ред затоа што ние немаме никаква информација за седницата на која што Владата го утврдила овој Предлог на закон.

Доколку вие не ја симнете од дневен ред тогаш предлагам Собранието да продискутира по тоа прашање во смисла дали навистина постои законски и уставен основ за разгледување на оваа точка.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам г. Стојановски дефинирајте го предлогот во врска со дневниот ред.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Крстевски. Вие имате нешто во врска со дневниот ред.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Почитуван г-дине претседателе, почитувани пратеници,

Предлагам дееншниот дневен ред да се дополни со информација во врска со нелегалниот увоз на промет со нафта и нафтени деривати во Република Македонија.

Овој предлог го давам бидејки е актуелно прашањето околу шверцот со нафта во Република Македониј, а уште повеќе што во тоа постојат јасни индикации дека се вмешани и дел од институциите и носители на јавни функции.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Крстевски, дали имате писмен материјал поднесен за оваа инфорамција. Тоа го бара членот 66.

Имате ли писмен материјал?

ЗОРАН КРСТЕВСКИ;

Имам г-дине претседателе фактура од Компанијата во Охрид.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, имате ли писмена информација? Бидејки немате писмена информација Ви го одземам зборот. Ве молам исклучете го господинот Крстевски. Затоа што по член 66 да се бара итноста, потребно е писмена информација во врска со тоа. Врз основа на што ќе се докаже кога нема писмена информација.

Според тоа, за денешната седница веќе го прочитав дневниот ред.

Повелете господине Блаже.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Господине претседателе, не добив од вас известување дали навистина сметаме дека е уставно или не, меѓутоа не ми е за тоа јавувањето. Јавувањето ми е со предлог да се симне првата точка од дневниот ред, односно Предлог за донесување на закон за основање на државен универзитет во Тетово, со Предлог на закон, да не се разгледува на оваа седница, затоа што навистина со оглед на сите оние состојби кои што се појавија во претходниот период, после прекинувањето на расправата на ова Собрание по однос на ова прашање и новите аргументи кои што произлегоа и новите мислења кои што се појавија од страна многу институции во државата, навистина доведоа до една потреба за ова прашање да не се дискутира

со наметнување по секоја цена да се донесе овој закон од страна на Владата, туку тоа да се разгледува на начин кој што доликува на една парламентарна демократија.

Од овие причини барам да се симне оваа точка од дневниот ред за денешната седница.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го ставам на гласање предлогот на пратеникот Блаже Стојановски, точката број 1 да се симне од дневниот ред.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 87 пратеника, 27 за, 1 воздржан и 59 против.

Констатирам дека предлогот на господинот Блаже Стојаноски не е усвоен.

Има збор господинот Никола Груевски.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Благодарам, господин претседател, почитувани пратеници,

Мојот прелдог во врска со дневниот ред е првите точки од дневниот ред да бидат Декларацијата за подоршка на Македонската православна црква, потоа Декалрацијата за поднесување на апликација во Европската унија  од страна на Република Македонија и групата на Закони од доменот на децентрализацијата како приоритет кој што е важен и за поднесување на апликација, барем така чувме од некои од министрите во Владата и  за спроведување на Рамковниот договор.

Според ова јас не можам да оценам  и да видам како е можно легализацијата на дивиот универзитет од селото Мала Речица да биде  поприоритетно прашање од овие три прашања: Зачленувањето во Европската унија, подршката на Македонската православна црква и законите за децентрализација. Ниту пак никаква логика не може да се  најде зошто и втората точка за Законот за државјанство треба да  добие приоритет пред овие три точки. Според ова, Ве молам овие  точки Значи, првата, втората и третата се група на закони како пакет да бидат ставени како приоритет, а подоцна кога Параментот ќе има  по соодветно време, ако мнозинството инсистира би можеле да разговараме и за овие точки што се прва и втора точка денес, односно легализација на Тетовскиот универзитет и законот за државјанство.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Груевски прво ќе го утврдиме дневниот ред, а потоа ќе пристапиме кон гласање на нашиот предлог да се изврши и измена во редоследот. Тоа е по Деловникот.

Повелете г-дине Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, согласно на член 148 од Деловникот на Собранието на Република Македонија барам точката за основање на Тетовскиот универзитет како државен да се симне од дневниот ред на оваа седница, бидејки тука децидно гласи претресот по Предлогот за донесување на закон на седницата на Собранието е единствена. Значи тука трпи мојата деловничка забелешка, бидејки во сите ваши дискусии, кога се говореше за Тетовскиот државен универзитет основањето вие согласно член 65 од Деловникот на Собранието на Република Македонија ме убедувавте дека одредено прашање на дневен ред кое што се поставува е практично областа за која што се дискутира кога ќе стане точка на дневен ред, тоа е исто и согласно на тоа и за амандманите не ограничувавте, па го поврзувавте како прашање на дневен ред. Е сега сакам јас да ги поврзам тие праШања на дневен ред. Значи и по член 148, ние отворивме претрес и водевме претрес. Претресот се заврши со оглед на тоа што Владата го повлече законот и ние ако Собрание, со оглед на тоа што и законот воопшто не е изменет доставен до Собранието повторно, сметаме дека претресот е завршен и нема потреба да се води претрес. Доколку сакате да се отвори претресот по тој државен универзитет треба да предочите нов материјал на нова точка на дневен ред. Инаку вака истата точка, истиот материјал, само на друга седница, завршен е претресот по член 148 и врзано со член 65 во кој што се вели во прдлог на дневниот ред претседателот на Собранието ги внесува сите праШања со денот на свикување на седницата ги доставиле предлагачите.

Спотед тоа, прашањето за Тетовскиот универзитет е веќе апсолвирано и во Собранието заврши и според тоа нема потреба повторно да биде оваа точка на дневен ред на оваа седница како ист материјал, а тоа барам да се повлече.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трајановски, јас не гледам разлика помеѓу она што пратеникот Блаже Стојаноски го предложи да се симне оваа точка од дневен ред. Ние за тоа гласавме.

Повелете г-дине Груевски.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Почитуван г-дине претседател, вие кажавте дека откога ќе се изгласа дневниот ред, тогаш ќе разговараме за редоследот на точките. Меѓутоа, една од трите точки е третата блокот на закони за децентрализацијата, тие не се на оваа седница и ве молам тоа да го ставите на гласање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Само вие тоа го поставивте во едно прашање, требаше да ги одвоите.

Го ставам на гласање предлогот на господинот Груевски на оваа седница да се извлечат блок точките од 50-та седница и да се стават на оваа седница.

Го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 89 пратеника, 26 гласале за, нема воздржани и 63 против.

Констатирам дека предлогот на г-динот Груевски не е прифатен.

Процедурално се јави г-динот Блаже Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Само сакам да истакнам г-дине претседател дека по различни основи ние баравме тргнување на точката еден од дневниот ред со пратеникот Коце Трајановски. Тој бараше по основ на член 148, а јас по основ на тоа што нема седница на Влада на која што е утврден предлог.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Стојаноски, но прашањето кое што ќе го ставам на гласање ќе биде исто.

Дали има друг предлог за изменвуање и дополнување на предложениот дневен ред. (Нема).

Бидејки нема и бидејки од оној дневен ред што го прочитав не се извршени никакви измени, предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 92 пратеника, 69 гласале за предложениот дневен ред, 1 воздржан и 22 против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

За процедурално се јави госпоѓата Елеонора Петрова-Митевска.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА-МИТЕВСКА:

Бидејки г-динот Груевски предложи предлогот за декалрацијата на подршка на Светиот архиерјски синот на МПЦ да се стави како прва точка, би сакала да укажам дека работната група, сеуште не го ускладила текстот, за да можеме да го ставиме како прва точка на дневниот ред.

Затоа би молела точката да остане на местото каде што е веќе досега. Мислам дека и пратениците од ВМРО-ДПМНЕ, кои што работат заедно на оваа точка на дневниот ред ќе се согласат со предлогот.

Процедурално г-динот Никола Груевски.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Би сакал да укажам дека важноста на овие точки исклучително е важно да бидат што е можно побрзо ставени на дневен ред и прифатени. Тоа што во моментот некои пратеници сеуште се доусогласуваат, апсолутно не значи дека во наредните 60-тина минути нема да биде усогласено и ние ако прифатиме ова да биде точка на дневен ред број 1 и број 2 на Европската унија, ние можеме да направиме кратка пауза од половина час, во која што работната група ќе ги заврши консултациите и усогласувањата и ќе пристапиме веднаш на гласање. Можеби во меѓувреме веќе и ги завршиле. Се работи за козметички измени кои што беа побарани од некои пратеници и би било добро да ги ставиме како 1 и 2 точка и како Парламент да покажеме сериозност кон овие точки, наместо да го губиме времето со дискусии за признавање на дивиот универзитет од селото Мала Речица.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го ставам на гласање предлогот на г-динот Груевски Декларација за апликација во Европската унија и околу Декларација околу МПЦ да бидат прва и втора точка.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 95 пратеника, за предлогот 27, воздржани 1, против 57.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Има збор пратеникот Каролина Ристова.

КАРОЛИНА РИСТОВА:

Почитуван претседателе, почитувани колеги и колешки пратеници,

Во однос на точката 8 Предлогот на Декларацијата за поднесување на барање за членство на Република Македонија во Европската унија и точката 9 предлог на одлука за задолжување на Владата на Република Македонија да поднесе барање на членство на Република Македонија во Евроспката унија мој предлог е тие точки да се стават на крај на дневниот ред како претпоследна и последна точка, значи спротивно од она што сега го предложи г-динот Груевски.

Јас сакам да известам дека ние вчера постигнавме и политички договор за такво нешто, меѓутоа во овој контекст би сакала да настапам како претседател на Комисијата за европски прашања, да образложам ако дозволите зошто барам вакво поместување. Имено, донесувањето на Декларацијата треба да биде израз на вољата на народните претставници за најавената активност на Владата. Меѓутоа, со оглед на историскиот карактер на оваа активност Собраието требаше да обезбеди форум на кој што ќе се изразат и мислењата или пулсот на стручната јавност меѓутоа и на општата јавност, значи и на граѓаните и невладините организации. Таков форум обезбедивме преку Комисијата за европски прашања со тоа што во октомври месец изгласавме тематска сдница токму за апликацијата која што е во тек и нормално како резултат на таа седница требаше да произлезе и предлог на активнсотите на ова Собрание кој што секако вклучува и донесување декларација затоа оваа точка на дневен ред не е спорна, меѓутоа, она штојас како претседател на Комисијата сакам да го замолам собранискиот пленум е во текот на седницата да ни даде временски простор за седницата на Комисијата за европски прашања за самата апликација заврши, се подготви нејзиниот извештај и тој извештај секако би бил прилог на тоа ние со мирно срце да донесеме декларација која што ќе го изрази и мислењето на граѓаните на Република Македонија, кои што ги  претставуваме.

Јас ова барање вчера го изнесов и на заедничката седница на комисиите за надворешна политика и Комисијата за европски прашања  и немаше ниакква спротивставеност. Исто така би сакала да умажам дека како за декалрацијата за односите меѓу црквите и во однос на оваа декалрација, подршката што беше дадена од комисиите, сега верувам како известувач на овие две комисии беше да се препорача собранискиот пленум да ја прифати декалрацијата, меѓутоа со правење на корекции кои што ќе одат на линија на сугестиите во мислењето на Владата некои се сјудски некои се суштински. Од овие причини барам точките 8 и 9 како претпоследна и последна точка.  Ви балгодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Значи, имаме таков предлог. Точката 8 ..

(Пратеникот Груевски бара збор процедурално)

Нема расправа според Деловникот и предлогот се става на гласање. Деловнички морам да го ставам на гласање, а вие после ќе добиете збор процедурално.

Го ставам на гласање прво предлогот точката 8 сега да биде точка 11.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето)

Од вкупно 80 пратеници,  за гласале 60 пратеници, 1 воздржано и 19 против.

Го ставам на гласање предлогот точката 10 да биде точка 12.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето)

Гласале 68 пратеници, 53 за, 1 воздржано и 14 против.

Констатирам дека и овој предлог е усвоен.

Јас го прочитав дневниот ред по точки и врз основа на тие точки го утврдивме дневниот ред, а сега зборуваме за измена на редоследот.

Има збор господинот Слободан Чашуле, процедурално.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Точно е, ние постигнавме договор за Декларацијата и тој документ ќе биде заедничка доблест и гордост, но факт е дека по своето значење, а со оглед на тоа што повеќе или помалку ги усогласивме ставовите и за мене, претпоставувам и за вас, тој документ е далеку позначаен документ, отколку избрзаната легализација на она што треба да биде некаков државен универзитет во Тетово. Овде се работи за приоритети, за значење. Ако сме постигнале договор апликацијата во Европската унија да биде историски чин кој со овој документ во вид на декларација, кој ќе стане закон, сакаме да го ратификуваме, тогаш не гледам зошто не можеме да ја симнеме таа точка од дневен ред, да ги поставиме овие точки, да направиме пауза, да се договориме, договореното да го предложиме, да го усвоиме и да одиме натаму. Но, бидејќи изгласавте, волјата е таква, јас се надевам дека договорот во однос на декларацијата не се менува, иако патем додека се објаснуваа постапките во Комисијата, имавме ситуација во која се кажа дека сме договориле нешто што не е договорено. Јас повторувам и овде од говорницата, ние постигнавме согласност за текстот на декларацијата и нејзиното донесување, дневниот ред е составен како што е составен, сега е видоизменет како што е видоизменет, убаво ќе беше ова да го

гледавме после, да го гледавме пред овој закон за Мала Речица, уште поубаво ќе беше да го гледавме во контекстот на законите кои ќе ни воозможат побрза апликација во Унијата, но вие решивте така.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Чашуле.

Господине Мавровски, вие барате збор процедурално, во врска со што? Во врска со дневниот ред, повелете.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Во вашето образлагање на дневниот ред за точката 3 - Предлогот за донесување по итна постапка на Законот за дополнување на Законот за доброволно предавање и собирање огнено оружје, муниција и експлозивни материи и за легализација на оружјето, со предлог на закон, бидејќи тука немаше претставник од Владата, вие го повлековте.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Токму така и кога го читав дневниот ред, јас не го прочитав тој закон како точка 3.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Вие не го прочитавте, но сега велие 11-та точка, а сега има 10 точки овој дневен ред.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не, 10-та и 11-та точка.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Која е 8-ма, а која 10-та точка. Дневниот ред се состои од 10 точки.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Од 11 точки се состои дневниот ред. Според член 73, откако го утврдивме дневниот ред, сите измени изгласани или не изгласани, изменувањето и дополнувањето на дневниот ред на утврдениот дневен ред..

СПИРО МАВРОВСКИ:

Кога сите точки од дневниот ред ги одбивте ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ќе го добиете дневниот ред во текот на траењето на седницата, а вие добро знаете што усвоивме.

Преминуваме на 1-та точка - Предлог за донесување на закон за основање државен универзитет во Тетово, со предлог ..

(Пратеникот Груевски бара процедурално збор)

Во што е процедуралното? Дневниот ред го затворивме. Морам да знам за што барате збор, процедурално, бидејќи не сме отвориле расправа по ништо. Ако е процедурално, да ми кажете по која точка на Деловникот барате процедурално збор. Нема отворено расправа, господине Груевски. По која точка од Деловникот, по кој член од Деловникот барате збор. Дневниот ред го изгласавме и го усвоивме.

Повелете за дневниот ред, господине Груевски.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Би сакал да потенцирам уште еднаш дека ми е навистина многу жал што есенцијални точки како што се апликацијата на Европската унија и Декларацијата .. (Реакции од пратениците)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа не е. Вашиот предлог тоа да бидат прва и втора точка беше гласан. Јас не дозволувам да се отвора материјална расправа по повод тоа.

(Пратеникот Груевски и понатаму бара збор)

Имате предлог за измена на редоследот? Тоа е утврдено, изгласано.

Повелете господине Груевски.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Сакав само да потенцирам како пратеник кои ги предложи овие точки дека навистина ми е многу жал вака есенцијални точки како што е апликацијата за Европската унија и Декларацијата за поддршка на МПЦ, опозицијата со сила да го тера мнозинството, да ја тера власта во Парламентот да го прифати на дневен ред ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам господине Груевски уште еднаш не зборувајте за точките на дневен ред. Вие правите коментар, отворате расправа.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Јас сум предлагач, вие не ми да довте можност, пред да се гласа за мојот предлог да се искажам и да го објаснам

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие имавте можност, вие објаснивте заедно со пакет закони од децентрализацијата дека тоа добро сега се гледа, сето тоа го објаснивте, ние тоа го ставивме да се гласа и не се изгласа. Ве молам да го почитуваме Деловникот.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Навистина е многу тешко да се присуствува на седница која вие ја водите господине претседателе. Секоја реченица не прекинувате. Вака не може да се води расправа. Вие се мешате, вие не знаете што ќе кажеме, а интервенирате во самиот старт.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ако ми предложите промена на редоследот, в ред, но почнете со тоа, предлагам и после објаснете зошто предлагате.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Благодарам.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА-МИТЕВСКА:

Дали ја отворивте расправата?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не ја отворив расправата.

Господинот Ѓорѓи Оровчанец бара збор процедурално, но во врска со кој член? Во врска со дневниот ред? Повелете.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Имавме ситуација каде претседателот на Комисијата за европски прашања образложи дека морало да се консултира и народот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Што предлагате за дневниот ред?

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Дајте ми да кажам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Тие прашања се ставаат како последни на дневен ред.

Предлагам бидејќи има консензус и општонареден и политички консензус овде, да дојдат како први, а прашањето за тетовскиот универзитет, нека направат трибина и нека го прашаат народот, па да го ставите последно, за да се види како мисли народот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлогот за тие две декларации веќе беше изгласан и предложен од господинот Груевски, ве молам да не се повторуваме. Тоа е веќе гласано.

Господине Коце Трајановски, повелете.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Процедуралното е во врска со дневниот ред.

Со оглед на тоа што имаше многу неразјаснети работи во врска со тоа која точка била, која не била и каков бил редоследот на дневниот ред, во име на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ да се симнат стенограмите од почетокот на седницата до сега и барам пауза од еден час, за да видиме што сме усвоиле на дневниот ред.

Со оглед на тоа, ќе го менуваме редоследот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Пречистен текст на дневниот ред ќе добиете во текот на седницата.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Ние сакаме да знаеме како се утврдуваше.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие барате пауза сега.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Пауза бараме и стенограмите да ги добиеме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Пауза може да дадеме, а стенограмите ќе ги добиете во текот на седницата.

Објавувам пауза од половина час.

(Паузата отпочна во 12,20 часот)

(По паузата седницата продолжи во 13,00 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа по дневниот ред.

Процедурално во врска со дневниот ред има збор Марија Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Почитуван претседале, јас предлагам како што рековте со вашиот речник, почнувам со, јас предлагам точката 7 - Барање за давање на автентично толкување на член 13 став 1 од Законот за концесии поднесено од пратеникот Томе Тромбев да биде прва точка. Точката 8 да биде втора точка, точката 10 да биде 3-та точка и точката 11 да биде 4-та точка.Ова го барам од причини што на оваа седница самите утврдивме дека колегата Томе Тромбев бараше итност при ставањето на оваа точка на дневен ред. Значи, мојот предлог е тој. Точката 7 да биде 1-ва, точката 8, 2-ра, точката 10, 3-та и точката 11 да биде 4-та точка  во ваквиот дневен ред.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи по точките 8, 10, 11 веќе гласавме и нема потреба истите тие повторно да се гласаат. Јас само ќе го ставам предлогот точката 7 да биде 1-ва точка на дневниот ред.

Ве молам да гласаме.

Ве молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Бидејќи во салата се присутни 65 пратеници, ве молам да го повториме гласањето точката 7 да биде 1-ва точка.

Ве молам да гласаме.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Јас барам да се гласа така како што предложив.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам да гласаме точката 7 да биде точка 1.

Вкупно гласале 51 пратеник, 6 пратеници гласале за предлогот, нема воздржани, 45 пратеници гласале против.

Во салата се присутни 65 пратеници.

Констатирам дека предлогот точката 7 да биде точка 1 не е прифатен.

Сега да ви објаснам зошто не ги ставам другите точки на гласање.Затоа што по тие точки веќе е гласано и нема да дозволам ние бескрајно овде да си играме околу тоа бидејќи веќе е изгласан редоследот и повторно истите точки да се предлагаат, посебно што таков предлог имаше и изгласано, не беше прифатен од страна на господинот Груевски да бидат тие точки напред.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Господине претседателе, мојот предлог се однесува на менување на местото на точката која што е предложена како предлог за разрешување на заменик министерот за здравство. Јас незнам која е сега на ред ставена, бидејќи имавме измени во предложениот дневен ред како број на точка на дневен ред. Ќе ве молам ако можете да ми кажете под кој број се води за да можам да го формулирам и предлогот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Поделен ви е новиот дневен ред. По точката 9 е Предлог за разрешување на заменикот на министерот за здравство.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Значи, предлагам точката 9 од предложениот дневен ред - Предлогот за разрешување на заменикот на министерот за здравство да ги заменат местата со точката број 1 - Предлог за донесување на закон за основање на Државен универзитет во Тетово, односно точката за разрешување на заменик на министерот за здравство да биде 1-ва точка, а тоа го предлагам од следните причини. Како што слушнавме за парламентарното мнозинство не беше приоритетна декларацијата за поддршка на светиот архиерејски синод на Македонската православна црква, декларацијата за поднесување на барање на членство на Република Македонија во ЕУ, Информацијата за укинувањето на шенген визите, поплавите во струмичко, убиството на Диме Ицковски-Поштарот, шверцот на нафта, тогаш јас се надевам дека точката за разрешување на заменик министерот за здравство е сигурно итна точка и предлагам да биде точка број 1 на дневниот ред, затоа што се однесува на разрешување на заменик министерот за здравство кој што повеќе од еден месец е и директор на Фондот за здравство. Ова го предлагам со цел од една страна да му ги олесниме одговорностите на господинот Пановски кој што ги има со вршењето на две фунции во овој момент, односно заменик министер за здравство и директор на Фондот за здравство. А од друга страна сметам дека е поважна оваа точка како итност во однос на итноста на точката за основање на тетовски универзитет. А, со оглед на тоа што навистина неможеме да претпоставиме до кога ќе трае оваа седница, кога ќе дојде да се расправа по оваа точка и да биде прифатена, или одбиена од ова Собрание, јас сметам дека имајќи ја во предвид сериозноста и итноста на ова прашање, дека парламентарното мнозинство ќе најде за сходно како итна точка да ја стави пред точката која што се однесува на донесување на закон за основање на државен универзитет во Тетово, затоа што објективно е итна и навистина не претставува проблем тоа да го направите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го ставам на гласање предлогот точката 9 да биде точка 1.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 82 пратеника, 21 за, нема воздржани, 61 против.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници, мојот предлог е точката 2, предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за државјанство на

Република Македонија да биде точка број 1. За почитуваните колеги незнам што е смешно. Меѓутоа, морам да искажм дека е логички оваа точка да биде точка број 1. Ќе кажам и зошто. Овој закон почитувани пратеници, ако заборавивте да ве потсетам, е закон кој што по втор пат го гледа Собранието. Од познати причини претходно изгласаниот закон, истиот тој  не беше потпишан указот на тој закон од страна на претседателот на државата. Пракса била на Собранието секогаш кога еден закон се враќа повторно на гласање во Собранието заради непотпишување на указ, тој закон да биде точка број 1. Тоа е една работа.

Втора работа, да ве потсетам дека за тој закон  потребно е квалификувано мнозинство што значи 61 пратеник треба да гласа за. Како тргнува работата, ако почнеме со точката 1 која што сега е на дневен ред може нас да ни се случи почитуван претседателе опозицијата повторно да го напушти Собранието, како што беше слика претходно, па да се најдеме во ситуација да не можеме овој закон да го изгласаме. Со оглед на тоа што на господинот министер за внатрешни работи овој закон му беше многу битен за Република Македонија и итен кога се носеше, логички е овој закон да оди како точка број 1. Од друга страна ние како Пратеничка група се подготвувавме и имаме амандмани по тој закон што значи сакаме да дискутираме и се надевам дека парламентарното мнозинство нема да го искористи фамозниот член 83 за оваа точка, значи да ни се овозможи демократска процедура и заради тоа, а со оглед на тоа што почнавме во една атмосфера оваа година, барем што се однесува до ограничувањата, значи да работиме нормално, ајде да почнеме со точка која што нема да го скрати тоа право, а која што е многу битна за Владата. Според тоа, предлогот е овој закон да биде точка број 1 и да почнеме расправа по него.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлогот на господинот Караџоски го ставам на гласање, точка 2 да биде точка 1.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 81 пратеник, 17 пратеници гласале за, нема воздржани, 64 пратеници гласале против.

Констатирам дека предлогот на господинот Жарко Караџоски не е прифатен.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Јас имам предлог точката 1, бидејќи гледаме дека има голем отпор да ја поместиме на крај, да биде последна точка на дневниот ред.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Стаменков, за точката 1 гласавме дури и да се симне и гласавме да се помести.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Значи да биде на последно место. А точката 3 предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за индустриска сопственост со Предлог на закон да биде точка број 1. Сметам дека веќе доцниме со рокоите за донесување на овие измени на Законот за изменување и дополнување на Законот за индустриска сопственост. И тој закон е веќе и стапен на сила од 1 јануари 2004 година. А со овој предлог на закон се овозможува измени на овој закон заради поквалитетно  решение. А вака како што е сега дневниот ред направен, прашање е кога ќе дојде оваа точка за разгледување во Собранието. Мислам дека ќе изгубиме уште неколку дена, а сигурен сум дека брзо овој закон ќе помине во Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го ставам на гласање првиот предлог, значи да се изврши ротација  точката 1 да биде последна точка, да биде точка 11.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 86 пратеници, 23 пратеници гласале за, нема воздржани, 63 пратеници гласале против.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Го ставам на гласање педлогот точка 3 да биде точка 1.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 86 пратеници, 23 пратеници гласаа за, нема воздржани, 63 против.

Констатирам дека и овој предлог не е усвоен.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Со оглед на тоа што можам да оценам дека од досеташните гласања и однесувања на пратениците од позицијата врвен национален приоритет се оценува прва точка да остане тетовскиот универзитет. Значи, кога веќе гледам дека е невозможно таа точка да се смени би замолил барем втора точка да биде поддршката на МПЦ, а трета точка да биде Декларацијата за апликација во ЕУ и ве молам да се гласа за тоа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Груевски сепак деловникот го знаете, ние веќе гласавме за тие точки.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Да, гласавме за прва и за втора точка. Сега е сосема друг предлог. Сега гласаме за втора и за трета точка.Вие имате должност ова да го ставите на гласање.Ќе го прекршите деловникот доколку не го ставите ова на гласање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Еднаш се изјаснивте. Јас одлучувам .

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Вие одлучувате, меѓутоа...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Мнозинството се изјасни за било какво менување на редоследот по тие две точки без разлика дали е 5-та, 1-ва, 2-ра и 3-та, се изјасни против. И сигурно ќе гласа против. Затоа тоа не го ставам на гласање. Неможам да ставам на гласање нешто што е веќе гласано. Само што е сега разликата, порано беше 1-ва, сега е 2-ра.Мнозинството се изјасни дека во врска со тие точки не сака да се менува редоследот.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Значи вака, гласањето досега беше тетовскиот универзитет да остане 1-ва точка и еве, кога толку е тоа битно за некои луѓе овде, нека остане 1-ва точка. Барем 2-ра и 3-та да бидат овие точки за кои што зборувам. Тоа е друг тип на гласање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие предложивте декларациите и за ЕУ и за МПЦ да бидат први точки. Значи вие предлагате измена на редослед во однос на точкиве. Може да биде 1-ва, може да биде 2-ра како сега што предлагате, може 3-та, може 4-та. Еднаш овој Парламент се изјасни дека не сака да се менува редоследот.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

За ваква комбинација Парламентот не се изјаснил, за да биде 2-ра и 3-та точка.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, за мене еднаш гласање по тие точки на дневен ред.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Господине претседателе не сте во право и ова ќе биде предмет на интерпелација. Го прекршувате деловникот, ни го одземате зборот и не ни давате можност да гласаме за дневниот ред.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, имате право и на тоа што го спомнавте.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Господине претседателе, точката 6 од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за ратифиакција на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Владата на Сојузна Република Германија за финансиска соработка во 2003 година, со Предлог на закон. Прво, господине претседателе колку што можам да знам денеска е 15.01.2004 година. Значи, ние цела 2003 година ја промашивме. Дали оваа точка на дневен ред ќе биде сега за 2004 или останува за 2003 година? Бидејќи од толку ангажираност и толку создавање на агенции за странски директни инвестиции каде што Германија беше една од главните инвеститори стигнавме до овој Предлог на закон за ратификација на Спогодбата, ние воопшто не го донесовме. Сега е 2004 година, дали воопшто ова е актуелно, дали предлагачот ова ќе го повлече, ќе донесе нов закон за 2004 година  или ќе гласаме нешто што ќе испаднеме утре смешни самите на себе. Ако е тоа така јас предлагам оваа точка предлагачот да ја повлече или воопшто ние да не гласаме за точката за 2003 година. Тоа е веќе завршена работа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ние го изгласавме дневниот ред и го утврдивме дневниот ред.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Ако е така, тогаш поставете го како 1-ва точка на дневен ред, да гласаме, па за 2003 да се вратиме, од таму да почнеме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Формулирајте го предлогот.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Предлогот, бидејќи е донесен, еве дневниот ред кажувате дека е утврден, предлагам оваа точка да биде 1-ва точка и да завршиме еднаш со 2003 година, да почнеме со 2004 година.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го ставам на гласање предлогот точката 6 да биде точка 1 на дневен ред.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 86 пратеници, 22 пратеници гласале за, нема воздржани, 64 пратеници гласале против.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

**Минуваме на точката 1 - Предлог за донесување на закон за основање на Државен универзитет во Тетово, со Предлог на закон.**

Процедурално, госпоѓа Елеонора Петрова-Митевска.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА-МИТЕВСКА:

Заради ефикасно работење на Парламентот, бидејќи сметам дека е веќе ред да почнеме со точките од дневниот ред, се повикувам на членот 83 каде што еден член на Парламентот може да зборува најмногу 10 минути еднаш, а координаторите на пер态ничките групи најмногу 15 минути. За да го поткрепам ова со аргументи, бидејќи пред две-три недели веќе зборував за ова и колегите од опозицијата рекоа дека немам аргументи за тоа што го кажувам, овде донесов како работат парламентите во Европската Унија и како функционираат без да ја спречат демократијата и без да ја замолчат опозицијата. Се однесува на точката на дневниот ред. Во сите парламенти на ЕУ, а се работи помеѓу 5 и 10 минути, само во исклучителни случаи може да се добие повеќе време. Колегите можат да го добијат материјалот доколку се заинтересирани. А сега ќе им кажам дека во Италија дискусијата не трае подолго од 10 минути, а времетраењето на дискусиите може да варира во зависност од тоа колку точки има на дневен ред. Во Франција дискусиите се лимитирани на 5 минути, во Финска дискусиите се лимитирани на 6 минути, во Германија дискусиите се лимитирани од 5 до 10 минути и само еден, или два члена од парламентарната група и еден претставник од Владата можат да зборуваат повеќе.

Во Бугарија, еве и во нашите соседни парламенти дискусиите се лимитирани на две минути (реакција од страна на пратениците од опозицијата). Да, да лимитот е

30 минути за независни пратеници, а 5 минути за индивидуални дискусии само за точки кои се сметаат од големо значење може да се дискутира најмногу по 10 минути и во Албанија дискусиите исто така траат 10 минути.

Затоа сметам дека ниту демократијата се нарушува ниту се одзема правото на опозицијата да дебатира, бидејќи само ги следиме работењето на парламентите во Европа и Европската унија, а исто така и во соседните земји.

Благодарам.

Барам поддршка од 10 пратеници. (Благодарам).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, ве молам, ве молам. По Деловникот јас сум должен веднаш на процедурална забелешка да одговорам.

Одговорот во врска со оваа процедурална забелешка го ставам предлогот да се примени членот 83, на гласање.

Ве молам да гласаме.

(Реакција од страна на опозицијата).

Гласале вкупно 66 пратеници, за гласале 64, воздржани нема, против 2.

Во врска со прашањето на координаторот, многу добро знаете дека членот 83 пред секоја точка од дневен ред, тоа важи и за оваа точка.

Имавме мислење од Комисијата за мандатно имунитетни и деловнички прашања. По тоа мислење ќе работиме.

Процедурално г. Блаже Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Господине претседателе, јас сум изненаден што на секунди не се ограничува дискусијата, меѓутоа, слушнавме дека имало примери каде се ограничува на две минути, се надевам дека целосното замолчување на опозицијата не е крајна цел на парламентарното мнозинство иако ова што се случува оди во таа насока.

Факт е дека почитувањето на Деловникот на Собранието на Република Македонија претпоставува овозможување на пратеникот преку говор да може да ги искаже ставовите на оние граѓани на Република Македонија кои гласале за него и кои го избрале.

На овој начин вие ја опструирате можноста на претставување на граѓаните на Република Македонија во овој Македонски Парламент и на овој начин се врши една опасна деструкција во работењето на Македонскиот Парламент.

Исто така мојата деловничка забелешка и барањето да добијам збор пред гласањето за предлогот на колешката Елеонора се однесуваше на следното: Вие зборувате дека предлог на почетокот на претресот значи 10 минути целосно во однос на амандманска расправа, во однос на општ претрес, во однос на претресот по предлогот на текстот на законот.

Ако ова го велите така, тогаш да знаеме за што дискутираме и за што можеме да дискутираме во тие 10 минути. Дајте ни во тие 10 минути да зборуваме 3 минути за амандмани, 5 минути за текстот на законот, 2 минути за предлогот на Владата за да знаеме да го распоредиме времето и тие 10 или 5 минути, ако не бидат скратени целосно, да ги искористиме на начин кој ќе биде најадекватен да можеме да го кажеме барем она што мислиме во најскратена и најконцизна форма.

Инаку, замолчувањето на опозицијата на овој начин, тргнувајќи од претходниот пат, несериозноста на Владата, два пати ни доставува во рок од 2 недели ист текст, ист предлог на закон, а вие во истиот период на почетокот од претресот со цел да почитувате Деловник кој го кршите постојано велите дека не смееме да дискутираме по тој предлог.

Ако ви е целта да ја замолчите опозицијата, ако ви е целта на овој начин со замолчување на опозицијата да ги донесете вашите законски проекти, тогаш тоа претставува доволен израз на вашата демократска свест.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господинот Чедомир Краљевски за дискусија или процедурално?

Процедурално, во врска со кој член господине Краљевски?

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Процедурално во врска со скратувањето односно ограничувањето на времето.

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали можам само да поставам едно прашање до сите пратеници од опозицијата.

Во што е прекршено гласањето на членот 83. Повелете дискутирајте во врска со тоа.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Почитувани колеги,

Неспорно е дека парламентарното мнозинство може што ќе посака тоа да оствари. Се разбира тука мислам на работите од парламентарната надлежност како што се ставање точки на дневен ред, вадење или повлекување на точки од дневен ред, прераспределување на точките односно менување на нивниот редослед, изгласување на најблаго речено спорни закони, неуважување на предлозите на опозицијата, одземањето збор на опозицијата и ограничување на времето на дискусија итн.

Но, почитувани колеги, немојте никогаш да заборавите дека владеењето на мнозинството е само алфа на демократијата. Стигнувањето до омега е долгорочен и макотрпен процес кој сите ние можеме да го скратиме само ако ментарното мнозинство има разбирање и толеранција кон моменталното малцинство или опозиција и по нивните предлози. Бидејќи не смееме да заборавиме дека во градењето и конституирањето на демократската волја учествува и мнозинството и малцинството, вклучително и оној и оние кои поинаку размислуваат од мнозинството.

Во спротивно, вака ригидно демонстрираните ставови на денешната парламентарно мнозинство можат демократијата да ја пренасочат на погрешен колосек, да ја претворат во догматска нетолеранција што понатаму не дај боже води кон диктатура во која власта, условно речено, се смета за сопственик на се па дури и на времето. Мислам да времето на дискусија.

Сепак се надевам дека тоа не е цел на парламентарното мнозинство и ги молам ваквиот предлог односно веќе изгласаниот предлог со нов спротивен на тој предлог да се изгласа и да се овозможи на опозицијата односно на парламентарното малцинство да го каже својот збор по однос на предложената точка на дневен ред.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Кој има уште процедурално?

Повелете госпоѓо Ганка Самоиловска Цветанова, во врска со членот 83?

ГАНКА САМОИЛОВСКА ЦВЕТАНОВА:

Да.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, со недемократската примена на членот 83 од Деловникот немојте да мислите дека ја надмудривте опозицијата. Немојте да мислите дека ја замолчавте опозицијата. Немојте да мислите дека ја победивте опозицијата.

Со примената на членот 83 почитувани пратеници од парламентарното мнозинство само ја потврдивте вашата немоќ. Ова е израз на вашата немоќ со контра аргументи да и се спротивставите на опозицијата која аргументирано настапи во смисла на не давање поддршка на легализацијата на малоречанскиот универзитет.

Со примената на членот 83 вие само ја потврдивте вашата немоќ да се спротивставите односно со аргументи да потврдите нешто што и вие самите не верувате. Тоа е израз на вашата немоќ да настапите во вмисла на поддршка на предлог решенијата на вашата Влада односно да им дадете поддршка на партиските пазарења помеѓу вашите партиски лидери.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓа Ганка, ова не е процедурално.

ГАНКА САМОИЛОВСКА ЦВЕТАНОВА:

Ова денеска нема да биде ваша победа, ова ќе ви биде ваша Пирова победа. (Опомена од претседателот). Ваша ќе биде историската одговорност, а ние денеска нема да се чувствуваме како морални победници...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам госпоѓа Ганка ви го одземам зборот.

ГАНКА САМОИЛОВСКА ЦВЕТАНОВА:

(Ганка дискутира со одземен збор, без вклучен микрофон).

... без разлика што ги искористивме сите средства демократски и легитимни. Денеска сме сите губитници вклучително и македонската јавност, вклучително и вие почитувани дами и господа, денеска е губитник Република Македонија, а најголеми губитници ќе бидат младата албанска популација кои ќе добијат неквалитетно високо образование.

Историската одговорност е ваша, можете да се смеете, можете да се радувате, но уште еднаш ви кажувам одговорноста е ваша, а вие претседателе,

бидејќи ми го одземавте зборот да знаете дека ќе бидете предмет на интерпелација на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете.

Бидејќи процедуралното што се бара не е процедурално, јас повеќе не дозволувам од ниедна пратеничка група процедурално. (Реакција од пратениците од опозицијата).

По членот 83 се искажани две непроцедурални забелешки, се води расправа. Јас го имам тоа право, а вие веќе три пати зборувате, водите материјална расправа по членот 83 зборувајќи за демократија, зборувајќи за право. Тоа е моја грижа, бидејќи тоа не е процедурално.

Преминуваме на расправа по Првата точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за основање на државен универзитет во Тетово, со предлог на закон.

(Повеќето од пратениците од опозицијата се најдоа на говорницата пред претседателот).

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот, Извештајот на Комисијата за образование, наука и спорт и дописот на Законодавно - правната комисија Ви се доставени односно поделени.

Согласно точка 2 од Амандманот Џ на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на Законот.

Има збор госпоѓа Славица Станковска.

(Бурна реакција од пратениците од опозицијата, сите се на нозе, сите се пред претседателската работна маса)

Ние ја отпочнавме расправата, објавувам пауза од 15 минути.

(Паузата е дадена во 13,35 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,45 часот).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има пратеникот Славица Станковска.

(Повеќето од пратениците на опозицијата се најдоа на говорницата пред претседателот и бараат збор процедурално).

Повелете госпоѓа Станковска.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Од исцрпната расправа што се водеше за законот за високото образование, како и маратонската расправа за законот за државниот тетовски универзитет, имавме можност да слушнеме главно спротивставени мислења. Едни дека овие закони се во согласност со уставните одредби и нудат поквалитетни решенија за високото образование, како и за инкорпорирање на високото образование на албански јазик во институциите на системот во Република Македонија, па се до сомнеж од поединци, според кои  ова е обид на мала врата да се протне малоречанскиот универзитет.

Во моето излагање  не би сакала да полемизирам ниту со едните ниту со другите, поради тоа што е неспорно дека  секој има сопствен став и мотив да ја застапува едната или другата теза.

Ќе се обидам во моето обраќање да го изнесам сопственото видување за состојбата во која се наоѓа високото образование, а и според мене, причините според кои треба да се донесе овој закон. Значи, потенцирам дека ова е мое видување, што не значи дека нема или не треба да има и поинакви размислувања.

За градење на високообразовни институции, времето е подолго...

(Пратеници од ВМРО-ДПМНЕ бараат претседателот да им даде збор деловнички и со тоа ја оневозможуваат пратеничката Станковска да зборува).

Јас ќе ве молам, демократски е да се каже се што се мисли, но исто така демократски е, почитувани колеги од опозицијата да слушнете се што сака некој друг да ви го каже.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Завршивте?

Збор има господинот Фазли велиу.

Господинот Фазли Велиу не е тука.

(И понатаму пратениците од опозицијата стојат на говорница пред претседателот и бараат збор)

Збор има господинот Борис Кондарко.

Господине Кондарко ќе земете збор или не?

БОРИС КОНДАРКО:

Благодарам претседателе.

Јас би сакал во својство на претседател на Комисијата за деловнички прашања да ги појаснам одредбите од Деловникот по кои Комисијата зазема став, за примена на членот 83 од Деловникот.

Имено, Комисијата на својата седница заклучи дека ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Кондарко ако земате збор, зборувајте по точката на дневниот ред, а не по Деловникот.

БОРИС КОНДАРКО:

Ве молам претседателе да обезбедите во салата процедурални услови.

Барам збор процедурално, да ги објаснам одредбите од Деловникот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Објавувам пауза до 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,05 часот).

Збор има господинот Ѓорѓи Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Јас се јавив за процедурална интервенција пред повеќе од еден час и 30 минути.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас го искажав својот став во врска со процедуралните интервенции.

Господине Трендафилов имате збор.

Повелете.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Господине Јордановски се јавив за процедурална интервенција пред повеќе од час и половина.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ако не сакате да дискутирате, тогаш следен пријавен за дискусија е господинот Жарко Караџоски.

Господине Картаџоски повелете.

Господине Коце Трајановски имате збор.

Госпоѓа Којзеклиска имате збор.

Господине Љупчо Балковски имате збор.

Господине Аднан Ќахил имате збор.

Госпоѓо Силвана Бонева имате збор.

Овозможете и на госпоѓа Бонева да зборува.

Повелете госпоѓо Бонева.

(Пратениците од ВМРО-ДПМНЕ бараат од претседателот да им овозможи процедурално, кратко да ги искажат своите забелешки, па макар и пет секунди).

Немам намера да прекинувам после пет секунди, бидејќи тоа не се почитува.

Повелете госпоѓо Бонева, времето за дискусија ви тече.

Збор има господинот Блаже Стојановски.

Повелете 10 минути имате збор, а што ќе кажете тоа е ваше.

Збор има господинот Ружди Матоши.

РУЖДИ МАТОШИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Господине претседателе, Владата на Република Македонија...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Давам пауза од 15 минути.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,35 часот).

Почитувани пратеници, должен сум да ве информирам кој договор е постигнат. Имено постигнат е договор опозицијата да има право максимум до 15 процедурални забелешки, со право, јас како претседател ако оценам дека е надвор од процедуралната забелешка, значи нешто друго се зборува, да го одземам зборот после една минута.

Повелете Жарко Караџоски имате процедурално.

Пратеничката Марија Којзеклиска процедурално.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Колешката Елеонора Петрова предложи согласно член 83 да се ограничи говорот на пратеникот, само еднаш во траење од 10 минути. Сега јас би сакала да прашам која е причината или основаноста врз која се заснова барањето за член 83. Колешката кажа некоја ефикасност за работа на Парламентот. Меѓутоа би сакала да ја потсетам дека основната функција на Парламентот на Република Македонија е дека тоа е законодавен дом и дека согласно член 5 од Деловникот на Собранието на Република Македонија и член 66 од Уставот на Република Македонија, Собранието се наоѓа во постојано заседание. Значи Собранието постојано заседава. Затоа, сеуште не ми се јасни причините поради кои се бара ограничувањето и примена на член 83 од Деловникот на Собранието на Република Македонија и сметам дека со ваквиот начин на работа, односно дали овој начин на работа ќе стане пракса на секоја од наредните седници кога доаѓа на ред некое чувствително прашање кое претставува политички договор помеѓу коалиционите партнери.

Членот 83 беше применет додека беше Предлогот на буџетот за 2004 година, со оглед на времетраењето и временското ограничување за донесување на Буџетот, 31 декември 2003 година.Тогаш и да ја разбереме потребата од примена на членот 83. Меѓутоа сега кога на дневен ред се наоѓа Предлогот за донесување на закон за основање на државен универзитет во Тетово, навистина не ја гледам основаноста за да се поднесе овој предлог за употреба на членот 83. Сметам дека апсолутно непотребно е ваквото користење на членот 83. Ова е веќе злоупотреба на член 83. Значи не е употреба туку злоупотреба.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓа Којзеклиска бидејќи сум должен, да ви објаснам, примена на ниеден член од Деловникот не е злоупотреба. Тоа е право на секој пратеник, со поддршка од 10 пратеници или пратеничка група да сеи побара поддршка.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Да, ама не на секоја седница, претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не е баш на секоја седница.

Како што мене ми е замерено дека јас не можам да предвидам дали ќе биде процедурално или не, така и вие не можете да придвидите дали ќе биде на секоја седница.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Предвидуваме со оглед на искуството што го имавме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете Силвана Бонева имате процедурално.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитувани дами  и господо, почитуван претседателе,

Со седници наназад македонската јавност, благодарение на собраниските служби кои ракуваат со техниката околу нас, односно со камерите, наместо да даваат што се случува во Парламентот тогаш кога навистина нешто се случува, кога протестира опозицијата, или кога и се одзема зборот, тие шетаат со камерите по фреските и по ложата. Сметам дека со тоа се оневозможува македонската јавност изворно да биде информирана за служувањата во Собранието, бидејќи директно се користат снимките од Собранието преку МРТВ.

Затоа сакамда го искажам мојот протест за ваквата селективна примена на информирањето, на македонската јавност и да предупредам дека така не може да градиме демократско општество.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Бонева вие не сте во рамките на процедуралното а по истекот на една минута ви го одземам зборот.

Процедурално има збор г-динот Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Господине претседателе,

Сакам да го цитирам членот 85 од Деловникот на Собранието на Република Македонија којгласи:

“На пратеникот кој сака да говори за повреда или неправилна примена на Деловникот претседателот му дава збор штомм ќе побара”. Значи веднаш.

“Говорот на овој пратеник не може да трае подолго од три минути. По говорот на пратеникот претседаелот на Собранието дава појаснување”.

Почитувањето на овој член односно недавањето збор на пратеник, на секој од нас како пратеник, знажи повреда на членот 85 од Деловникот на Собранието на Република Македонија. И, неговата одредба дека е ограничено само крајното време што може да биде употребено за Деловничка забелешка тоа се три минути.

Исто така, сакам да ви го цитирам членот 56  каде што се наведени надлежностите на претседателот на Собранието. Тука стои дека претседателот на Собранието се грижи за примена на Деловникот и дава појаснување во врска со неговата примена, за што може да побара мислење од Комисијата за Деловнички и мандатно имунитетни прашања.

Од овие причини, имајќи предвид дека, со оглед на тоа дека на опозицијата и е скратена можноста да го примени жленот 85 од Деловникот што е дециден и што го прочитав пред малку, а со оглед на тоа дека претседателот е должен да се грижи за примената на деловникот каде што влегува и овој член 85 што ви го прочитав, јас имам конкретен предлог до ова Собрание, не до Вас како претседател, затоа што вие сте тој што го кршите деловникот на начин што не им давате збор на пратениците од опозицијата да зборуваат деловнички забелешки, а тоа е претседателот на собранието на Република Македонија да донесе одлука според која што ќе го слушнеме мислењето на мандатно - имунитетната комисија на ова Собрание во однос на членот 85 и неговата примена. Односно, дали претседателот на Собранието на Република Македонија  има право да не им дава на пратениците, независно дали од позицијата или од опозицијата, да имаат интервенција што се однесува на неправилна примена на Деловникот и тоа да биде ограничено во помалку време од три минути, што е децидно наведено како време што го има пратеникот да може деловнички да интервенира, а тоа се три минути.

Значи, мојот предлог е, Комисијата за мандатно-имунитетни и деловнички прашања да даде појаснување односно оценка дали со недавањето збор на пратеник во однос на примена на член 85 за Деловнички прашања претседателот правилно го применува или неправилно го применува Деловникот на Собранието на Република Македонија .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, завршија трите минути.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Само барам Собранието да се изјасни.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Делоовникот почитувајте го.

А, јас сега ќе ви одговорам како претседател на вашата забелешка.

Во Деловникот, точно, пишува на пратеник кој сака да говори за повреда или не, на примена на Деловникот претседателот му дава збор штом ќе побара веднаш.

Побаравте, деловнички, после изгласување на членот 83. Во никаков случај тоа не е кршење на деловникот бидејќи постои таков член и изгласан по Деловникот. И затоа сметам дека деловникот не е прекршен и нема основа по тој член 85 да се бара право на Деловничка интервенција.

Повелете г-дине Горѓи Трендафилов. Имате три минути.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Деловникот не содржи одредба со која на пратениците може да им се оневозможи правото да расправаат за прашање (предлог) по кој ќе гласаат. Тоа всушност произлегува и од Уставната позиција на пратеникот да ги претставува граѓаните и да одлучува по свое уверување.

Потпис, претседател на Собранието на Република Македонија м-р Никола Поповски.

Значи, во една изјава таму со метри се обидувавте да бидете подобар или полош, јас можам да кажам дека се придружувам кон прелогот на г-динот Стојановски, затоа што претседателот на Собранието на Република Македонија во отсуство на Врховниот командат на вооружените сили на Република Македонија ја извршува и таа функција. Вие, со овој начин на однесување, со реагирања од каприц воопшто не придонесовте таа функција да ожива некој поголем углед. Затоа се придржувам кон предлогот на г-динот Стојановски Комисијата за мандатно имунитетни прашања да расправа и да излезе пред Собранието, што кога претседателот на Собранието е оној кој го крши Деловникот. Вие не доведовте во ситуација да се договараме, да преговараме со вас за право што ни е дадено со Деловник.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, јас веќе одговорив на тоа прашање.

Господине Коце Трајановски имате три минути деловнички.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам г-дине претседателе,

Би сакал деловнички да дискутирам, согласно член 83 од Деловникот на Собранието на Република Македонија , мнозинството од парламентарци во Собранието го искористи своето право за ограничување на дискусијата на пратениците на 10 минути. Сметам дека не беше во ред, особено по излагањето на пратеничката Елеонора кое ги повика пратениците и бара поддршка од 10 пратеници, согласно на Деловникот, да се даде поддршка за излгасување на оваа деловничка одредба. При тоа искажа работи што сметам дека не држат до крај.

Сакам да напомнам дека има парламенти во светот, иако таа рече во сите парламенти, може да се земат и стенограмите, значи сметам дека во јавноста да оди и друга вистина, јас имав случај во претходниот Парламент, кога го посетивме Парламентот на Канада, кога ние тогаш бевме позиција, дали од опозицијата беше, не се сеќавам кој, се постави прашање колку време може да дискутирате доколку барате промена или точка на дневен ред. Таа рече јас сум дискутирала три дена додека не ми се стави точката на дневен ред и третиот ден ми се овозможи да се стави точката на дневен ред и ја прекинав дискусијата.

Сакав да кажам дека не е точно и сметам дека пратениците беа невистинито информирани, дека во сите парламенти во светот дискусиите се ограничени на една, две три или пет минути.

(Дофрлање од место)

Се извинувам врз основа на твојата дискусија беше ова.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, да се сослушаме.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Сметаме дека особено за оваа точка на дневен ред, (дофрлање од место)

Можеме да побараме пауза па да ги погледате стенограмите.

Сметам дека особено на оваа точка на дневен ред легализација на нелегалниот тн., малоречански универзитет создава да почне пракса во Парламентот на Република Македонија, да се ограничуваат дискусиите на пратениците иако овој член значи само исклучоци, но не и пракса, за тоа да пратениците се ограничуваат во своите дискусии. Мнозинството, во секој случај има право, меѓутоа треба да се запрашаме дали во овој случај, особено за вака многу значајни теми е потребно да се ограничуваат дискусиите, бидејќи во тој случај ќе бидеме оневозможени како пратеници да објасниме и на македонската јавност колку овој проект е оправдан или неоправдан.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Коцевски.

Повелете, процедурално имате право на три минути, господинот Љупчо Балковски.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Благодарам, почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Бидејќи сме ограничени како позиција на 10 минути, и оваа одлука нема да се промени, таква одлука беше и при ограничување на 10 минути на опозицијата кога се разговараше за Буџетот, едноставно сега, бидејќи претседателот на Комисијата за мандатно имунитетни прашања не е тука, како претседател би ве замолил да ни одговорите како можеме да ги искористиме овие 10 минути, бидејќи има и амандмани поднесено за овој предлог-закон, за тетовскиот универзитет и да не се доведеме во ситуација кога ќе заврши расправата, кога ќе почнат амандманите, тогаш да ни кажете дека ни е скратено правото да се објаснуваат амандманите.

Дали во рокот од 10 минути, тоа треба децидно да се каже, треба да се објаснат и амандманите, дали ќе се ограничи времето, односно ќе зависи од пратеникот дали пет минути за објаснување, пет минути за амандмани, тие работи, како што беше сега и испадна добро договорот за процедурални прашања, едноставно дајте сега, објаснете на каков начин ќе работиме за овие десет минути?

Или пак еден предлог давам, бидејќи и тогаш Комисијата, врз основа само на свои убедувања образложи и донесе став дека тие 10 минути се доволни и за објаснување на Законот и за амандманот односно немаше право тогаш опозицијата да ги образложи амандманите по повод Буџетот, може и сега Комисијата, по сопствено убедување едноставно дас каже, бидејќи се водеше расправа неколку дена, едноставно и овие десет минути да ги укинете и да преминеме веднаш на гласање. Значи, треба Комисијата за мандатно имунитетни прашања да каже како ќе ги искористиме овие 10 минути ако ни се дава за право да ги искористиме или пак ќе ни го одземете и овој збор од десет минути ако можете да кажете дека тие се искористени во наредните дискусии.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, г-дине Балковски.

Само појаснување, Комисијата веќе има дадено мислење и нема потреба повеќе пати да бараме мислење.

Повелете г-дине Оровчанец имате три минути процедурално.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Г-дине претседателе, колеги пратеници,

Тоа што јас сакав да го кажам процедурално е дека ние целата постапка околу овој закон за основање на тетовскиот универзитет во процедура погрешно ја водиме. Мислам дека треба да го повлечете законот, затоа што со Законот за високо образование, сегашниот закон ние имаме сега пред нас еден закон што за себе го

носи Одборот, плус мислењето на Одборот за акредитација, јас не се сеќавам дека ова Собрание расправало воопшто за таа работа. Па, во членот 41 од Законот за високо образование доследно стои дека проект за основање високообразовна установа со приложената документација основачот го доставува за акредитација до Одборот за акредитација. Основачот е Собранието. Владата не е основач.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Господине Оровчанец зборуваме процедурално во врска со членот 83.

ГОРГИ ОРОВЧАНЕЦ:

Зборувам дека целата процедура ни е погрешна.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ова ќе го кажете кога ќе зборуваме за законот. Држете се за тоа.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Имаме погрешна процедура.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Држете се до договорот, една минута помина а не говорите за процедурата.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Ако не сакате да слушате тоа е друга работа, јас зборувам дека е погрешна процедурата за донесување на законот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Зборуваме за деловничката процедура.

Има збор процедурално три минути пратеникот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Јас ќе се повикам на членот 145 и 146 од Деловникот каде што е предвидено разгледување на предлог за донесување на закон во Законодавно-правна комисија.

Јас само да потсетам, ЗПК ја постави оваа точка на дневен ред пред да се одржи седницата на Собранието, меѓутоа, заради неприсуствување, немаше претставник од Владата, министерот не беше тука, а заменикот бегаше по скали, очигледно не сакаше да го брани овој закон, ние не бевме во можност да донесеме односно да го разгледаме на Комисијата и Комисијатај донесе одлука дека не го разгледала бидејќи немаше присуство. Така ли е претседателе?!

Ех, сега, согласно со член 145 и 146 од Деловникот, а со поддршка од 10 пратеници, што во секој случај ќе имам може тоа и да се види, јас почитуван претседателе, врз основа на дилемата што ја искажа г-дино Оровчанец каде што основната задача на ЗПК е токму да ги разгледа ваквите проблеми од Уставен

карактер, од законски карактер и да достави извештај. Ако веќе глумиме дека имаме нов закон, тогаш да го изглумиме до крај. Да ги испочитуваме сите процедури. Не ја гледам причината зошто претседателката на ЗПК не повика во денешниот ден, во претходните денови, со оглед што немавме претставник од Владата, да го кажеме мислењето на ЗПК.

Згора на тоа ако земеме дека Комисијата за образование не ни одржа седница каде што донесе тоа што донесе. Ех сега, кога ги имаме извештаите од Матичната комисија за образование го имаме предлогот на законот што е сега нов закон, да се разбереме, значи, имаме нова процедура, треба и ЗПК.

Значи, барам поддршка од 10 пратеници, седницата сега да ја прекинеме и да одржиме седница на ЗПК.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате десет пратеници.

Го ставам предлогот на г-динот Караџоски на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 71 пратеник, 23 гласале за предлогот, нема воздржани а 48 против.

Со тоа констатирам дека предлогот не е усвоен.

Нема повеќе.

Преминуваме на расправа.

(Пратеникот Спиро Мавровски бара збор процедурално)

Повелете г-дине Мавровски Спиро вие сте 10-от.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас мислев дека оваа седница се закажува дека опозиција нашла некои нови аргументи со кои ќе не убеди дека е основано решението само за основање на тетовскиот универзитет, а тука гледам дека се применува членот 83 што знажи ограничување и само ограничување. Затоа што Владата не понуди ништо ново, а, очигледно и опозицијата нема да каже ништо ново што ќе ја разреши оваа ситуација.

Ќе замолам оваа точка еднаш за секогаш да ја повлечете од дневен ред и самите себе си да се заштитите од една многу погрешна одлука што ќе има далекусежни историсни последици за Република Македонија. Јас нема да ги користам овие три минути. Доволно е и ова.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Спиро Мавровски, но ние дневниот ред го утврдивме.

Господине Сашко Ќедев барате збор процедурално?

(Пратеникот се изјаснува дека бара збор за дискусија).

Добро, значи преминуваме на расправа.

(Во меѓувреме г-динот Исмет Рамадани побара збвор процедурално).

Повелете г-дине Рамадани имате збор процедурално три минути.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседател, почитувани колеги пратеници,

Со оглед на тоа дека дефинитивно опозицијата од ВМРО-ДПМНЕ во овој случај се повлече од пријавувањата , за да дискутираат , значи за процедурите и да го толкуваат Деловникот, јас ја прекинувам мојата цел, за да објаснам зошто требаше вака да дејствуваат, со оглед на тоа дека сега почнува фазата на дискусиите односно се разговара во врска со дневниот ред, тогаш се повлекувам од моето процедурално инервенирање, со тоа што да започне дискусијата за точката на дневен ред во врска со основањето на тетовскиот универзитет.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Не беше една минута, така што правилото е испочитувано.

Повелете , г. Сашко Кедев имате збор.

( од место реагира пратеничката Славица Станковска)

Повелете г-ѓа Станковска, процедурално.

Вие се јавувате за дискусија, и бевте први пријавени, ова не е процедурално.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Благодарам претседателе, јас воопшто не се жестам , еве, задоволна сум што и јас имам шанса да си го искористам своето демократско право на пратениците и на нашата јавност да им се обратам и да го изнесам сопственото видување за предлогот на Владата на Република Македонија .

Почитувани, од исцрпната расправа што се водеше за високото образование, како и маратонската расправа за Законот за државниот тетовски универзитет, имавме можност да слушнеме , главно, спротивставени мислења. Едни дека овие закони се во согласност со уставните одредби нудат поквалитетни решенија за високото образование, како и за инкорпорирање на високото образование на албански јазик во институциите на системот во Република Македонија , па се до сомнеж од поединци , според кои , ова е обид на мала врата да се протне

малоречанскиот универзитет. Во моето излагање не би сакала да полемизирам ниту со едните, ниту со другите, поради тоа што е неспорно секој да има сопствен став и мотив да ја застапува едната или другата теза.

Ќе се обидам во моето обраќање да го изнесам сопственото видување за состојбата во која се наоѓа високото образование, а и според мене причините поради кои треба да се донесе овој закон. Значи, потенцирам дека е ова мое видување , што не значи дека нема или не треба да има поинакви размислувања. Ако образованието е прцес, а тоа и е, тоа значи дека за истиот, покрај соодветни услови е потребно и време. За градење на високообразовни институции времето е подолго , заради тоа што покрај условите што треба да се обезбедат, неопходно е да се профилира високо образовен кадар, кој ќе е способен да продуцира компатибилни кадри со високото образоваине во Европа и пошироко.

Зачетоците на високото образование кај нас, како што на сите ни е познато датираат од периодот после втората светска војна, но истите биле постапни и макотрпни, поради недостиг на соодветни стручни кадри. Во догледно време постигнавме ниво достојно за почитување кај нас и во светот, но поради подреденоста на системот во кој живеевме и непланско профилирање на кадри, во еден период се соочивме со суфицит на кадри, кои немаа никаква можност да си обезбедат егзистенција во соодветната струка, па државата тоа лаконски го решаваше со акциски вработувања на социолози, марксисти, книжевници и други во индустриски институции, кои беа оптоварувани со непродуктивни вработувања. Целокупниот амбиент овозможи градење на една нова филозофија на живеење , која се базираше на потреба од образование како услов за помалку да се работи или да се дојде до диплома, без разлика по која цена за полесно да се дојде до работното место. Распадот на претходниот систем и транзицијата наметнаа друга филозофија и логика на пазарно стопанство, во кој саом квалитетот може да помине на пазарот и само тој има цена. Наместо да го прифатиме новиот предизвик и можности што ги нуди пазарното стопанство за индивидуална активност и креативност, ние продолживме со старата филозофија, која не доведе во состојба во која се наоѓаме и во која како во мaѓепсан круг се вртиме, каде праксата покажува дека тешко можеме да излеземе. Аномалиите во образованието, кои беа последица на губење на вредносни норми, што е долг временски период и го негувавме, дојдоа до израз, а посебно во високото образование, во кое заради поставеноста, можностите за истите беа неограничени. Ако моеже да им се верува на медиумите за можности на пазарот на знаење да се купи оценка или дури диплома , не

загрижуваат, туку плашат методите до каде се може да се отиде во напорите да се постигнат некои цели. Исто така, во самите зачетоци на градење на образовниот систем на албанската заедница, се соочуваше со недостиг на кадар, кој полека во периодот што следеше започна да се профилира. И, после определен временски период се создадоа оптимални услови за следење на наставата за средно образование на албански јазик.Но, реформираното насочено образование уште еднаш го наметна прашањето за недостиг на кадри на албански јазик, што од своја страна предизвика лавина на погершни чекори, кои ги предизвикаа низа немили настани, кои на површина ја исфрлима меѓуетничката нетолеранција. Можеби распадот на системот и парламентарната демократија, која започнавме да ја практицираме, беше добра шанса да покажеме дека на овие простори имаме место за секого со добри намери, ние го направивме токму спротивното. Секој обид да се направи нешто повеќе или онолку колку што е тоа неопходно во дадениот момент на високото образование на албански јазик, беше користено од страна на опозицијата за дневно политички потреби, кои играјќи на карта на огромниот патриотизам , многу често ги злоупотребуваа младите.

Од друга страна, албанските интелектуалци разбраа дека единствена можност за да се наметнат како респектибилен фактор е образованието. Но, според активностите што ги презедоа, очигледно не ја развраа пораката. Не по секоја цена и не било какво образование. Како производ на ваквиот однос се случи универзитетот во мала речица.

Парламентарното мнозинство во времето на почетоците на малоречанскиот универзитет, поради огромниот притисок од опозицијата, не беше спремно да се соочи со проблемот на високото образование на албански јазик и едноставно го остави на страна и го игнорира. За тоа време актерите на малоречанскиот универзитет не ја пропуштија шансата да го пропагираат универезитетот и длабоко во тој процес да ја инволвираат средношколската младина за запишување на малоречанскиот универзитет како нивен личен придонес за поддржување на високото образование на албански јазик, иако своите деца ги насочуваа да студираат во универзитетските центри во Европа и пошироко. И овде беше очигледна злоуптребата на средношколската популација, но сега од друга политичка партија и со други цели. За генеза на случувањата, кој на некој начин ги продуцираа состојбите и проблемите со кои се соочуваме, толку.

Сега, мислам почитувани колеги дека е крајно време да се соочиме со потребите на другите и до колку имаме желба и добра намера, да помогнеме секој

поединечно и сите заедно во рамките на нашите можности за надминување на состојбите. Мислам дека сите ќе се сложиме околу тоа дека постои потреба од високо образование на албански јазик, не само како предност, туку и како потреба на млади луѓе, кои доаѓаат од етнички чисти средини и ако е неопходна потребата и обврската да се познава јазикот на државата, но говорниот јазик многу често не овозможува добро познавање на стручна терминологија од различни области. Мои колеги лекари тука, јас како професор по хемија знам дека една буква многу голема грешка прави во хемијата, исто како мачка и мечка, сулфид и сулфад и сулфид, така што за една буква може детето кое полага приемен испит, воопшто можеби е смешно за правниците, но заради една буква може детето да не освои поени и тоа е една отежнителна околност децата што полагаат приемен испит на не мајчин јазик. Високото образование кое ќе биде инкорпорирано во високото образование на Република Македонија, при што треба да се води сметка за исполнување на оптималните услови од аспект на кадровски потенцијал, со кој располага Република Македонија, како и просторни можности за една високообразовна институција, со што исто така ја оправда функцијата, поради која и ќе постои.

Грижата што ја искажаа група пратеници, која во деновите на маратонската расправа по законот за државниот универзитет во Тетово за квалитетот на кадрите што ќе се продуцираат е оправдана. Но, ако се име предвид од кого е искажана и со каква намера, можам да кажам дека е дволично. Не би сакала да кажам потежок збор, кој многу поубаво ја објаснува ситуацијата. Се согласувам дека сите оние кои имаат добри намери треба да грижат за квалитетен образовен систем, без разлика на јазикот на кој се изведува наставата во сите степени на образование, па и во високото образование. Но, тоа е и обврска на државата тоа системски да го решава, а во дадениот случај за квалитетот на кадрите што ќе се продуцираат на тетовскиот универзитет, најмногу е заинтересирана албанската заедница, што е и природно. Во спротивно, тој ќе се врати како бумеранг. Сигурно дека очекувањата на огромен број млади луѓе кои се стекнале лили ќе се стекнат со универзитетска диплома, нема да се исполнат, затоа што е ограничен бројот на работни места во јавниот сектор, кој барем досега праксата покажува е најпосакуван. Добро е и при изборот на идното занимање младите луѓе да се насочуваат и да се подготвуваат по заокружувањето на образованието да се соочат со пазарни услови на стопанисување и да ги развиваат личните креативни афинитети, за да можат да се вклучат во системот и самите да си обезбедат егзистенција. За жал, државата сеуште за најголем број поединци се смета како најголем работодавец. Постои, исто така, опасност од

суперпродукција на високо образовни кадри. Притисоци од истите секоја заедница поединечно, а и државата во целина ќе ги чувствуваат. Но, ако високо образование не претставува само нужен избор, поради неможност да се дојде до работното место или само пат до диплома, туку и можност да се стекнат поквалитетни знаења, тогаш мислам дека таквите кадри не претставуваат опасност и товар за државата туку предност. Правите интелектуалци , а само дипломата сигурно не не прави такви, се луѓе кои имаат визија, рационален пристап и креативност, која е ставена во функција на државата,  може да биде основа за подобра перспектива на државата.

Почитувани колеги, во сите овие процеси и промени што се случуваат во државата, никој нема и не смее да биде амнестиран од одговорноста што ја носиме, без разлика кој на која страна припаѓаме. Како највисок законодавен дом ние треба да се грижиме за доброто на секој граѓанин на државата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бладорам г-ѓо Станковска.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Уште една реченица.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Исклучете ја г-ѓа Станковска.

Г. Караџовски, повелете, имате реплика од три минути.

ЖАРКО КАРАЏОВСКИ:

Најнапред, почитувана колешке, очигледно дека ви требаше одлука да ја ограничите опозицијата на 10 минути дискусија, за да може конечно да ве слушне опозицијата по однос на овој закон. Инаку, доста долго време молчевте и еве вака е можност, најверојатно, од сега па натаму опозицијата ќе биде замолчувана не 10 минути, туку предлог на една таму пратеничка од ЛДП на пет минути, па на три, на две и на ниедна. Некој некаде рече , добро , опозиција да не постои, што убаво ќе работиме подобро од Шветска, ве уверувам, седниците ќе си траат и 10 минути. Спомнавте дека сето ова предизвикало потреба од недостиг на кадри албански, кои немале каде да учат итн. можеби сето ова би држело место, ама вие заборавате дека веќе имаме еден Универзитет во Тетово а тоа  е Штуловиот универзитет.

Заборавате дека тој се формира, заради таквите работи, кои што предизвикаа етничка нетолеранција.

Сега , сакам да ве прашам, дали вие не сте свесни дека Тетовскиот универзитет работи од 1994 год, знаете во кое време, во исто време кога беше напишана мапата на Илирида, картата, во исто време кога се вееја албанските знамиња во истите тие краишта во Тетово и во исто време се прокламира идејата тетовски универзитет. Сега вие мене ме убедувате дека е тоа поради кадровско образование таму на албанците или сосема нешто друго. Да ве потсетам, вашиот премиер и сегашен премиер и тогашен и можеби и иден покрена постапка законско регулирање. Ги симнуваше знамињата , се носеа одлуки, се примени сценарија како што се примени, за да после неколку години се свести дека цело време грешел, дека требало одамна да го признае тетовскиот универзитет, а ние немаше да имаме никакви етнички нетолеранции. Значи, одговорноста за која зборувате најочигледно се знае кој ќе ја понесе. Вие. Тоа е она и само уште нешто да ве потсетам. Не е проблемот во кадрите во Република Македонија . Дали вие знаете дека има 3 милиони емигранти од Република Македонија , кои не виделе аир од оваа држава, не поради високото образование, затоа што нема работа за нив. За тоа треба оваа Влада како итни постапки вака итно да ги носи законите да се вработи овој народ, а не само да ги образуваме и да ги праќаме во Албанија или незнам каде, подалеку од Македонија. Како што ни тргнало , најверојатно, сите ќе емигрираат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Контра реплика има г-ѓа Станковска.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Благодарам претседателе,

На крајот она што го кажавте јасно и е и на нашата јавност кои се вашите побуди, фрустрации, мотиви за да се јавите за реплика.

Прво, да ви кажам дека јас сум пратеник на позиција и ја носиме најмногу одговорноста и нема да дозволиме да бидеме ваши заложници ни сега, ниту пак во иднина. Очигледно, јас разликувам што значи приватен, а што значи државен универзитет, но на вас колку и да ви се објаснува, тоа неможете да го сватите. На другите делови за доселени емигранти и на оние знамиња, не сакам да се спуштам

на нивото на кое вие коментирате . Вие спомнувавте орли и сечење на нокти, а јас тоа воопшто несакам да го коментирам.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика има пратеникот Којзеклиска Марија.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Јас, одговорот на почитуваната колешка Станковска , не можев да откријам дали е за предлогот на законот, дали е против предлогот на законот, меѓутоа, еден сегмент ми остави посебен впечаток, а тоа е во однос на кадрите, наставниот кадар за кој опозицијата го кажуваше за време на претходната седница, г-ѓата Станковска вели дека тоа било дволичност од страна на опозицијата. Сега, со неколку примери ќе и кажам на колешката Станковска, барем во рамките на времето кое ми е дозволено, конкретно, за наставниот кадар. Имаме колеги таму што работат и што завршиле во Приштина, Скопје, Тирана, докторирале во Данска и има еден посебен случај, тоа е г-динот Хафет Шеризи или Хафет Шерифи, незнам, кој е мајор во пензија со воена академија и истиот тој е предложен за професор на хуманитарни науки и студиска програма, педагогика и психологија. Значи мајор ќе им предава на колегите кои ќе се запишат таму педагогија и психологија. Дали има потреба за натаму да објаснувам на колешката, незнам. Понатаму, имаме во однос на наставниот кадар на факултетот за хуманитарни науки отсек ликовна уметност-магисер Имер Бајрами, ако значи нешто името, а ако не, добро, ниту има институција каде дипломирал , дали е магистер, затоа што другите сите се магистри и дали е доктор на наука, во проектот имаме празна графа и тој истиот ќе биде професор.

И, уште еден инересен случај е тоа што колегите пратеници Ејуп Рустени и Абдулаки Адеми, како и замени министерот за одбрана г-динот Ризван Сулејмани, ќе бидат исто така професори на овој факултет.

Сега, се прашувам, дали овие двајца пратеници, колеги пратнеици и еден член на извршната власт имаат , навистина, морално право да бидат и предавачи на тој т.н. малоречански универзитет. Дали овде не постои, почитувана колешке, конфликт на интереси.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Блгодарам, една минута г-ѓа Станковска , повелете.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Благодарам.

Дали некој разбира или не разбира тоа е негов личен проблем и тука јас ништо неможам иако како професор сакам и би и помогнала на колшата да разбере некои работи.

Како второ, овие личности што беа спомнати јас не ги познавам и за луѓе кои не ги знам несакам да коментирам. Последното прашање ќе се обидам исто така да го одговорам со едно прашање. Ако праксата покажува дека личниот пример е најсилниот елемент во воспитно образовен процес се прашувам како некои мои колеги кои наводно се животно заинтересирани за квалитетно образование кои ќе продуцира прави а не квази интелектуалци ќе се соочат со своите воспитаници ако во Парламент демонстрира улична демократија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, кој има реплика.

Повелете г. Ќахил.

АДНАН ЌАХИЛ:

Реплицирам, но во говорот на ценетата пратеничка Славица рече доследно ако можам да цитирам една буква поради зсбуна во хемијата.

Точно се сложувам. Една буква прави забуна во хемијата , тоа сигурно но еден збор или повеќе зборови прават катастрофа во хемијата, а јас пак ќе се обидеам пак да кажам зошто е тоа така , знае дека е тоа катастрофа затоа што во вашите говори цело време зборувавте за потребата на образованието на албанците во Република Македонија . Ова го потенцирам и во моите говори и на комисии тука зборував а впрочем и Предлог законот е потребата на високо образование на заедниците и посебно на албанската заедница. Во ниеден момент вие не ја спомнавте потребата од високо образование на другите заедници како што впрочем во воведот ова е така направено. Тоа значи дека јасно и гласно треба да се каже и тоа побарав и прошлиот пат иако и министерот ме убедуваше дека е тоа и за другите заедници. Очигледно дека овој проект е само за албанската заедница а другите заедници се во говорот само под декор.

И како втора точка што вие велите дека купувањето на оценки и дипломи во пследниот универзитет тоа е длабоко, навлегува и проширено. Јас можеби се

согласувам, можеби не, тоа треба да имаме факти до крај, за тоа такви докази не се презентирани. Впрочем вие сте на власт една година, има антикорупциска Комисија и мислам дека требаше да преземете мерки и од позиција на пратеник и од позиција на позиција да ги најдете тие луѓе кои продаваат дипломи, кои продаваат оценки и мислам дека ваквото однесување, ваквите квалификации мислам дека во најмала рака се лицемерни во однос на овој проблем.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута има госпоѓа Станковска.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Благодарам претседателе, овде зборуваме за овој законски проект, Кога ќе биде законски проект за кој говори колегата, тогаш сигурно ќе се вклучам во дискусијата и ќе го изнесам сопственото мислење. Околу ова навистина се согалсувам ако еден збор прави таква забуна, ако една буква, да не зборувам колку забуна прават повеќе зборови. Тука значи сме на иста бранова должина и от тука произлегуваат потребите да се изучуваат дисциплините стручни на сопствениот мајчин јазик.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

На ред е господинот Ружди Матоши.

РУЖДИ МАТОШИ:

Ви благодарам господине претседател. Почитувна професорке би сакал да ви дадам до знаење дека целата јавност знае дека од 13 години демократија на СДСМ беше раководител на државата и составен дел во Владата на Република Македонија во повеќето од времето. Вие значи бевте од 1994 до 1998 година во Владата. Кога се роди Тетовскиот универзитет и кога се третираше неговото прашање и сите знаеме дека вие кои ова го третиравте со убиства и со најлоши методи кои постоеја во времето на комунизмот, додека вие се трудевте да спроведувате демократија. Професорке би сакал да Ви кажам за еден феномен кој го употребувате со што манипулирате со јавноста, со оглед дека сте професорка и знаете што значи образование, зошто почитувана професорке кога вие знаете дека албанците имаат Економски факултат, Правен факултет, имаат Педагошки факултет, зошто не

излезете како професорка и да ни кажете дека на албанците сега им треба медицински факултат, стоматолошки факултет, факултет по архитектура и незнам кои други насоки, но ја употребувате стратегијата на манипулации како да ги распаднете албанците. Зачи создавате паралелни институции, овие институции да објават војна меѓу себе и т.н. и ако сакате албанското прашање или образованието на албанците да страда од вас. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута има госпоѓа Станковска.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Почитуваниот колега ме потсети колку време сме биле на влас како партија на власт, но во изминатиот период и тие беа на влст и имаа  можност сите овие потреби на младите албанци да им ги овозможат, односно да студираат дисциплини кои се дефицитарни и потребни за истите. Ние бевме на валст тоа е точно, но вашите коалициони партнери во  тоа време ги “сечеа ноктите на орлите” и правеја политичка кариера со  тоа. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-динот Блаже Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Колешке од власта немилите настани за кои зборувате ги предизвика истиот оној Бранко Врвенковски кој беше премиер и тогаш, а тој  е и сега. Сега неговата Влада и тој самиот предлагаат дека во декември 1994 година се случила граѓанска иницијатива, која со овој закон за основање на државен универзитет во Тетово не се прифатила и се третирала како сосема законска и нормална иницијатива на граѓаните од Мала Речица. Зошто тогаш употребувавте сила. Сметате ли со основањето на државен универзитет во Тетово кој не претставува легаизација на малоречанскиот универзитет, со тоа што признавањето не се однесува на сите факултети од овој малоречански факултет, ниту пак со оснивањето на ваков државен универзитет во Тетово е решено прашањето на квалитетот н аобразоваието во малоречанскиот универзитет, ниту пак се решава прашањето за сертификатите, уверенијата кои што ги добиваат студентите на овој универзитет. Со овој предлог создавате од еден легален Штулов универзитет еден  нелегален

малоречански трет универзитет, кој само ќе продуцира а нови компликации по основ на решавањето на прашањето на високото образование на албанците. Ова не е закон кој што е заснован на образовни стандарди и принципи, тоа е само политички договор на Бранко Црвенковски и командант Баци. Што сакате да основате? Универзитет чии челници одбележуваат годишнини без државно македонско знаме со албанска химна и албанско знаме во простории кои се узурпирани. Но сега тоа е само доказ за доследноста на СДСМ по однос на нивните ставови кои зависат само од дневниот политички интерес на оваа партија. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута има госпоѓа Станковска.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Прво не сакам да зборувам од редовите на вашите коалициони партнери, а како второ ова не е легализација туку формирање на државен универзитет согласно Законот за високо образование, што не значи дека само со овие проекти за високо образование ќе се застане или можеби во иднина ќе има и нови проекти. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јавува господинот Ѓорѓи Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Навистина бев трогнат од излагањето на госпоѓата Станковска. Очекував со нејзината локвентност, затоа што доаѓа од Природно-математичкиот факултет да спомне нешто и за забелешката која дојде од тој факултет, но таа сепак се Задржа да зборува во насока дека каде да е наскоро ние ќе расправаме овде и ќе мораме да формираме вселенска програма на која ќе се предава на албански јазик и би и обрнал внимание на госпоѓата Станковска во овој момент има само неколкуниви. Нема ништо друго. Има еден узурпиран деловен објект за кој се води спор и за кој преку средствата за јавно информирање бевме известени дека Владата наскоро пред јавноста ќе излезе пред јавноста со некаква стратегија како да се врати тоа во владение и најглавно од сето тоа госпоѓата Станковска не зборува кој тоа ќе го плаќа. Јас би ве потсетил на, односно ќе се обидам да го цитирам министерот

Поповски кој при расправата на Буџетот во Собранието на еден од пратениците од немакедонско потекло му спомна со зборовите: “колега да не зборувате кој колклу инвестира во Буџетот на  Македонија затоа што нема да стигнете ни до двоцифрена бројка. Сега госпоѓо Станковска, како што велите вие на една маратонска расправа, н ие ви кажавме дека освен неколку ниви, спомнавме дека таму има неколку плински решоа, спомнавме дека таму отвараат наводно 4 факултети и една како високо-школска установа, но од сето тоа во овој мемент нема ништо. Нема ниту правен објект, нема ниту седиште,  имаме само еден список, збир на желби кои господинот Црвенквоски мора да му ги исполни на Ахмети. Ова не мора да го гледате како изолирано образовно прашање но пред се како политичко прашање, затоа што во пакет ние овде се расправаме за законот за државјанство, за законот за територијална поделба, за законот за локална самоуправа, за законот веќе што помина за Буџетот на Република Македонија за 2004 година. Кому вие му објаснувате? Објаснете им на вашите сограѓани од каде најде Министерството за образование повеќе од милион евра да купи цела една зграда, затоа што ете, некој така проценил дека не се чувствува комотно да учи заедно со другите дека од Куманово. А овде вие зборувате за педагогија, психологија, за воспитнообразовна дејнсот. Кому тоа  му го објаснувате? Ова веќе не е хемија. Вие се занимавате со алхемија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута има госпоѓа Станковска.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Прво укажување до вас, ако опозицијата до крај е доследна, не смееме да дозволиме да спомнуваме луѓе кои не се присутни. Тука беше спомнат поранешниот претседател г-динот Поповски и денеска Буџетот не е на дневен ред, така да со ова не би сакала да ми се земе од времето кое вие ми го давате.

За техничките услови и друго и друго што е во врска со Тетовскиот универзитет ќе се грижи државата, ниту јас, ниту колегите од опозицијата.  Но алхемија навистина беше за 4 години да се растури државата со методите кои ги користеше опозицијата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една мала корекција. Владата и премиерот се поканети да присуствуваат на седницата, а тоа што тие не се дојдени, тоа е веќе друг проблем.

Господинот Спиро Мавровски се јавува за реплика.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Господине претседателе, почитувани колеги, почитувани колешки,

Ве ислушав многу вниамтелно кажавте за некои спротивставени ставови. Јас такви незнам, знам дека заминавте од таа седница. Ако слушнавте некаде на друго место незнам. Но вашите ставови ги слушнав и сеуште останувам на мислење дека воопшто немате ставови, затоа што изгледа ниту тогаш сте внимавале ниту сега сте го прочитале законот, затоа што со член 5 од овој закон се врши легализација на малоречанскиот универзитет. Ако не сте го виделе тоа, мислам дека требаше да го видите. Многу добро кажувате дека за високо образование треба да има повеќе време, еден подолг период кој го помина и Република Македонија после војната кога немаше кадри. Дали за тоа се случи војната во Република Македонија сега повторно некој да отвара такво високо образование, со исти такви неквалитетни кадри и донесе нешто што ќе биде неспособно да се вклучи и да се инкорпорира во вкупното живеење на Република Македонија. Да не зборуваме дека Република Македонија е потписник на Болоњската конференција која што ја имаме потпишано и на која што треба да внимаваме на се она што во Република Македонија значи високо образование, затоа што со ова вие ќе ги девалвирате нашите колеги и вие самите тука со кои што можат да се репродуцираат кадри кои што воопшто не поминале низ образовниот процес да добијат дипломи и за завршени, магистранти, за докторанти и денес да бидат и професори на истиот универзитет кој ние сакаме сега да го отвориме. Значи ја окривувате опозицијата незнам дали вие од 1998 до 2002 не се чувствувавте и тогаш како опозиција. Направивте нешто да се направат и да се решат овие ситуации. Мислам дека немате воопшто право затоа што Штуловиот универзитет како таков досега од ниеден од дискутантите не слушнав дека нешто со него не е во ред. Се кажа дека професорите се коректни дека се учи повеќе од 80% албански јазик, студентите се задоволни и после тоа можат да се вклучат во сите активности. Но сега вие инсистирате на нешто што ќе предизвика една лавина, едни 13 иљади луѓе кои што во моментот ќе добијат завршено образование без тоа никој да ги нонтролира. Тоа мислам дека не може да се случи ни тука, ниту на друго место било каде и заборавте дека со тоа дваипол милиони евра што треба да се одвојат од Буџетот на Република Македонија негирате нешто што Европската заедница и САД вложиле повеќе од 65 милиони евра точно во Штуловиот универзитет и каде што се контролира комплетно наставата и може да се инкорпорира и во европски

вредности, вклучувајќи ја и оваа Болоњска конвенција која што ја потпишува Република Македонија . Кажавте дека сите заедно и поединечно треба да помогнеме на другите во Република Македонија. Јас ќе ве прашам директно вас колку вие помогнавте и направивте за нашиот универзитет и во Скопје и во Битола во моментот да функционира многу подобро откога кога вие студиравте или кога студираа пред 10 години некои помлади луѓе. Јас мислам дека ситуацијата е истата, дури и по катастрофална од таа што беше. Значи не направивме апсолутно ништо.

(Со седницата продолжува да претседава госпоѓата Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието).

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика на репликата има госпоѓа Станковска.

Повелете.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Господинот ако го интересира тоа е најбитно за оваа седница. А дали за тоа се случи војната, вие за тоа треба да ми кажете, затоа што вие бевте на влст и според вашиот коалиционен партнер ДЕА на вас ви требаше војната за да ви се покријат матните зделки.

Што се однесува до милионски суми на евра, многу се спомнуваше исто така и на конта на некои личности и тука треба малку повеќе да се загрижите ако до крја сакате да работите за нашата јавност, односно за државата Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави господинот Слободан Чашуле.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Почитувана потпретседателке, ценета колешке, за многумина репликата е можност да се изврши јавно политичко наддавање со аргументи понекогаш и со зборови без аргументи. За мене таа меѓу другото е и можност, така стои во Деловникот да се исправи еден наод. Јас би сакал да искористам ја приликата токму тоа да го сторам. Да исправам еден наод и да укажам на еден апсурд. Точно е дека од 1994 до 1998 година една Влада на погрешен начин го решаваше проблемот на високото образование на албанците во Република Македонија. Од неснаоѓање како една незаконска појава да ја отстрани со примена на непотребна сила, во која

за жал имаше и една човечка жртва, повеќемина претепани, па претпоставувам дека тука меѓу присутните имаШе и такви кои сосема незаслужено добија ќотек, борејки се да остварат едно право, кое на човека му е вродено и јас во тоа време како претставник на опозицијата учествував на еден дијалог на интелектуалци и кога дојде во Гостивар на дневен ред темата за малоречанскиот универзитет и ќотекот ние како опозиција не сносевме никаква одговорност, ја сам се извинив на присутните што во таа пригода добија ќотек. Го чувствував тоа како морална обврска на еден човек кој смета дека правото на образование е непрекосновено. Од 1998 година до 2000 година беше на власт една Влада, во која имав чест во нејзините последни дестина месеци да учествувавм и јас и таа пристапи кон решавањето на проблемот. Го решив со законот за високо образование. Да ве потсетам само пред некој ден еден од неговите автори, професорот д-р. Гале Галев му упати јавно писмо на премиерот на Република Македонија, во кое го потсетува на квалитетот на тој закон кој Република Македонија во тесна координација сосема интегрирана во  Меѓународната заедница имаШе вредни соработници како што е г-динот Мак Вандел Штул кој беше задолжен за малцински праШања во  организацијата за врска безбедност и права. Ние врз основа на тој сеопшт увид донесовме квалитетен закон за високото образование и го сметавме проблемот за решен, бидејки во преодните одредби требаШе да се регулира правото на студирање и дипломите на студентите од нелегалниот универзитет во Мала Речица. Ги изгубивме изборите и потоа дојде на валст уште една Влада, која очигледно ќе ја траекторијата на грешка од 1994 до 1998 година и повторно на ова прашање Ќе му приоѓа погрешно и ќе го третира како да проблем со високото образование на албанците во Република Македонија нема. Го имаме Мак Вандел Штуловиот универзитет кој за две години треба да стане државен. На него можеме да направиме универзитетски центар за медицински науки, за биолошки науки и за сите оние науки кои се дефицитарни и кои на албанската популација и требаат.

Оттаму, со создавањето на оваа нова творба, ние навистина ќе отвориме повторно проблем по високото образование на граЃаните на Република Македонија чии што мајчин јазик не е  макеоднскиот и е мроаме потоа да се вратиме на ова да го решаваме на европски начин.

Багодарам.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Благодарам потпретседателке.

Инаку, колега Чашуле, ве почитувам и мислев дека имате мудрост доследна за почит. Покрај толку многу лични конфликти превирања на идеолошки план, сепак се најдовте на крај во ВМРО-ДПМНЕ. Како прво.

Како второ, ако мудроста доаѓа со возраста, не поради друго, туку поради големото животно искуство, се прашувам како вие дозволивте деца со вас да играат демократија со нови изуми на делување како опозиција, што тие милуваат да говорат.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас би молела ако може без вакви лични квалификации, тоа не би било добро. Ве молам, колеги, ова важи за сите, не е добро. Да задржиме еден конструктивен тек на расправата.

Процедурално, има збор госпоѓа Ганка Самоиловска-Цветанова.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Почитувана потпретседателке,

Најнапред ви благодарам што реагиравте, а почитуваната колешка Станковска би ја замолила, доколку нема аргументи за контрареплика, да не оди во напаѓање на личниот интегритет на пратениците од опозицијата. Ниту е меродавна, ниту некој и го дал правото да суди за нивото на нечија мудрост, а најмалку или највеќе за политичките убедувања и идеолошката матрица на пратениците од попозицијата. Доколку има контрааргументи за контрареплика, нека ги искаже, доколку не, да не оди во напад директно на личностите од опозицијата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Продолжуваме со реплики.

Реплика за госпоѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитувана потпретседателке, би ве молела после завршувањето на мојата реплика да не бидам избришана од списокот на пријавени за дискусија, бидејќи тоа многу често се случува кога се јавуваме и за збор и за реплика повторно да не нема пријавени за збор, или да се најдеме на крајот на списокот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Нема проблем, повелете.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Жал ми е што колешката Станковска ја напушти собраниската сала. Видовме од овде дека таа го прочита сето што и беше напишано и со што мислеше дека може да биде нападната од страна на опозицијата и сега излезе. Меѓутоа, јас морам да полезимирам со еден нејзин став.

Таа кажа дека најмногу за квалитетот на образованието е заинтересирана албанската заедница. Јас велам дека многу се заинтересирани и македонците и сите други заедници во Република Македонија, бидејќи со легализацијата на тетовскиот универзитет ќе се трошат токму и нивните пари, парите од нивниот џеб, а заинтересирани се и поради тоа што се заземаат работни места во јавната администрација во вакви што ќе дојдат, неквалификувани образовни кадри, а тоа е катастрофа за државата прво од аспект на тоа што младите високообразувани кадри во државата кои со многу труд знаење завршиле ќе бидат без работа и ќе бидат принудени да бегаат од државата во странство, а второ, од аспект на тоа што кадрите со диплома, но без знаење, кои ќе влезат во јавната администрација ќе ја влечат државата само кон дното. Така нема да влеземе во Европската унија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали има следен за релика?

Има збор господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Почитувани колеги пратеници,

Јас би сакал да и реплицирам на колешката Славица Станковска, меѓутоа, бидејќи не е тука, сепак ќе ја кажам мојата реплика. Имено, во нејзиниот говор искажа дека добро е што се грижиме за квалитетот на образованието на кадрите. Тоа е оправдано. Таа како професор во средното образование ми се чини, тоа го оправдува, меѓутоа, не пропушти и сега како и многупати до сега, или постојано до сега да ја нападне опозицијата, велејќи дека од тие од кои доаѓа сигурно е дволична.

Сакам да и порачам на мојата колешка дека сеуште не прежалила што е сменета од местото директор во периодот од 1998 - 2002 година. Мислам дека тоа треба да го надмине, еве, партијата ја почести, стана пратеник и треба малку повисоко да гледа, бидејќи еве втор пат и го кажувам тоа, мислам дека ќе најде на разбирање.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колега, мислам дека се договоривме на едно ниво да комуницираме.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Сакам да кажам дека ние како опозиција сигурно се грижиме за образованието на кадрите, вклучително на кадрите на малцинствата, т.е. на заедниците во Република Македонија и тргнувајќи од таа наша определба, таа наша заложба, во времето на нашиот мандат успеавме и се основа Штуловиот универзитет, за кој што сегашната позиција тогашна опозиција беше против и сметам дека тој универзитет е со многу квалитетни кадри, кои се признати во Европа и тие кадри на некој начин го држат угледот во Република Македонија, како што се кадрите од двата постојни универзитети во Република Македонија.

На овој начин, со основањето на овој квалитет, сметаме дека навистина нема да бидат квалитетни кадрите кои ќе излезат. А зошто пак ние се грижиме - ќе се праша таа, зашто рече би требало да се грижат албанците, односно тие од малцинската заедница. Јас би сакал да и кажам дека 2003 година оваа власт избрка од јавните и државните установи повеќе од 3.000 или 5.000 вработени, а на нивно место меѓу другото ќе треба да бидат примени кадри согласно Рамковниот договор. Ние не сме против тоа, меѓутоа, да не се бркаат овие кадри и тие кадри што ќе бидат примени од заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, сигурно дека треба да го имаат квалитетот кој што е потребен, бидејќи тие кадри ќе работат во министерства кои ќе ги опслужуваат сите граѓани во Република Македонија, а не само граѓаните од една заедница, па таа и да не била мнозинство во Република Македонија. Тоа е како прво.

Второ, овие кадри сигурно ќе бараат работа и надвор од Република Македонија и таму, барајќи работа сигурно ќе биде испитуван нивниот квалитет и нивната стручност и доколку, а ние се надеваме дека на ваков начин основан универзитет ќе немаат квалитет, во тој случај ќе паднат под сомнеж сите дипломи кои се добиени во Република Македонија, независно од кој универзитет се, бидејќи сепак овој универзитет ќе стане - по гласањето, сигурно тоа позицијата ќе го направи - дел од образовниот систем во Република Македонија и мене како граѓанин на оваа држава, како македонец сигурно ми е значајно да биде квалитетен тој кадар, заради тоа што поради нив во цел свет ќе бидеме обележани како институција, како држава која создава слаби кадри.

И трето, ..

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колега, се извинувам ако може ..

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

.. би сакал да кажам дека денес во медиумите беше објавено дека ќе има штрајк во образованието на 26 јануари, сигурно е тоа поради немањето пари во образованието, а еве од друга страна се основа трет универзитет. Тоа беше еден од нашите мотиви зошто сме против основањето на овој универзитет.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Процедурално, има збор госпоѓа Славица Грковска.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Почитувана потпретседателке, почитувани пратеници,

Пред малку госпоѓата Ганка Самоиловска-Цветанова излезе на говорницата да инсистира да нема лични квалификации во настапите на пратениците и ако инсистирате на таков принцип, тогаш вие би требало, или господине Трајановски вие како координатор на Пратеничката група би требало да се придржувате до таков принцип.

Инаку, што се однесува до сменувањето на кадрите од 1998 до 2002 година, јас ве уверувам дека тоа не било ниту преболување, ниту некаква друг посебна фаза, затоа што претставуваше чест да биде сменет некој во тој период, затоа што не припаѓа во друштвото ваше.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Само еден момент. Да разјасниме, ова што го вели госпоѓа Грковска е во духот на она што јас ставив забелешка додека господинот Коце Трајановски реагираше. Значи, да бидеме на нивото на она што го бараме, на нивото на една пристојна меѓусебна комуникација, така што мислам дека е во ред да се разјасниме.

Процедурално, господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Би сакал процедурално исто така да дискутирам и да ги замолам од СДСМ, кога веќе планираат кој ќе настапува во говорите, госпоѓата Станковска да ја ставам во 17,50, ако работиме до 18,оо часот, за да нема толку реплики ..

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колега, немојте, ве молам, немојте со некоректен однос.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

.. зошто секогаш после нејзините говори големи се репликите.

И второ, ако ние направевме грешка, од 2003 година наваму немаше директор кој не е сменет ниту во средните, ниту во основните училишта од страна на СДСМ.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колеги, уште еднаш да ве замолам, навистина сите повикувате поединечно на коректност, меѓутоа, пак се прекршува од различни страни. Јас ве молам да се задржиме на она што е темата на дневниот ред.

Следен за реплика е господинот Илија Китановски.

Овде 20-тина луѓе се пријавени, но бидејќи не го имав претходно списокот, незнам кој е на ред, после тоа господинот Халими е на ред, бидејќи беше пријавен и Лалчевска исто така.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Ќе се обидам да бидам што пократок и поконцизен. Внимателно го слушав излагањето на колешката Станковска и во еден дел од нејзиното излагање забележав искажувања со кои во добар дел јас ги се согласил, во одној дел кој се однесува на тоа дека навистина како пратеници и пред се како граѓани на Република Македонија, без разлика на која нацина и етничка група припаѓаме, треба да се залагаме за високи стандарди во високото образование, за европски квалитет и во тој дел мислам дека сите се согласуваме. Меѓутоа, во својот завршен дел колешката Станковска мислам дека влезе во контрадикторност, односно и самиот факт што го кажа дека сепак како пратеници од позицијата ја преземаат одговорноста врз себе да го подржат овој проект на закон и самиот тој факт е во контрадикција со залагањето за високи стандарди и за европски квалитет во високото образование. Мислам дека на сите ни е многу јасно дека со легализацијата на малоречанскиот парауниверзитет во старт не се исполнуваат елементарни критериуми за една високообразовна институција.

Друга работа на која сакам да реагирам е што се постигнува со изгласувањето на овој закон, дали со изгласувањето на овој закон се постигнува

решавање на прашањето, така да речам, на високото образование на албанците во Република Македонија. Решавање на квалитетното образование на високообразоните институции на албанците во Република Македонија сигурно дека со овој закон и со легализација на овој универзитет не се постигнува, односно еден чекор кон квалитетно решавање на тоа прашање е - сите се согласни со тоа, и меѓународниот фактор, и академската и целокупната јавност во Република Македонија дека еден голем чекор во решавањето на квалитетното образование е високото образование на албанците во Република Македонија, па и на сите граѓани, е формирањетпо на Универзитетот на Југоисточна Европа, таканаречениот Вандер Штулов универзитет, кој според сите искажувања е по сите европски и светски стандарди, на кои образованието може да се стекнува на англиски, македонски и албански јазик, една норма кон која навистина треба да се стремиме, а никако да се залагаме за ретроградни процеси и враќање назад.

Друго прашање што може да се постави е дали, а веќе не се постигнува решавање на квалитетното образование на високообразовните институции на албанците, дали со ова се сака формално да се затвори прашањето на високото образование на албанците во Република Македонија. Мислам дека ниту формално не може да се затвори тоа прашање, затоа што, иако се работи за легализација на еден добар дел од факултетите кои до сега работеа во состав на малоречанскиот парауниверзитет, сепак, исто така еден добар дел од тие факултети со стотици, можеби илјадници студенти ќе остане надвор од тој образовен процес и верувајте, ете ни го повторно проблемот на врата, така што ни формалната страна на затворање на ова прашање не е задоволено, што само по себе кажува дека навистина дека една ваква комплексна сложена образовна материја не може и не смее нкако да се сведува на коалициско политички договори за дневна употреба и наводно цврста решеност на позицијата да го истурка тој проект, тој закон и да ја сноси одговорноста за него.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Илјаз Халими, а потоа Ристана Лалчевска.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Госпоѓо претседавач на седницата, не е во ред што госпоѓата Станковска која дискутираше сега да не биде во салата, затоа што требаше да знае

дека ќе има реплики и треба да одговори на репликите. Сепак, тоа е нејзино право, сигурно нема доволно аргументи за да одговори на репликите од пратениците.

Нејзината дискусија остави впечаток како да оваа Влада за разлика од претходната се охрабрила, земала храброст и сила да го реши прашањето на високото образование на албанците што било отворено до сега. Доколку таа сака да го реши тоа прашање на високото образование на албанците кое е отворено, заедно со Црвенковски, се разбира, тогаш треба да донесе закон за легализација на тетовскиот универзитет, а не закон за основање трет државен универзитет. Големо прашање ќе биде колку студентите, на пример, од Економскиот факултет, Правниот факултет или други гранки на сегашниот тетовски универзитет, ќе може да ги положат испитите, ќе може да дадат резултати за да може да се префрлат на тој нов универзитет кој ќе се основа и да ги продолжат студиите на соодветните факултети. Што ќе се случи со студентите што нема да ги положат испитите, дали тие ќе ги прекинат студиите? Што ќе се случи со студентие од Медицинскиот факултет, Фармација, Стоматологија, дали со овие факултети тие ќе ги прекинат студиите? Сигурно дека тие ќе продолжат да функционираат како тетовски универзитет. Значи, во иднина ќе имаме три универзитети. Универзитетот на Југоисточна Европа, Државниот универзитет во Тетово е тетовскиот универзитет. Ова се вика, сакајќи да ги извади веѓите, си ги вади очите. Ова би се однесувало на господинот Црвенковски. За нас ќе биде богатство да имаме три универзитети, тоа нема да биде на ничија штета и затоа ќе гласаме за овој универзитет.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор госпоѓа Ристана Лалчевска, а потоа господинот Зиди Џелили.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Со внимание го слушав излагањето на госпоѓата Станковска, меѓутоа се разочарав затоа што не кажа ниеден аргумент за прифаќање на овој предлог. Изнесе тука многу убаво нафилувани зборови околу овој предлог, но сепак, се согласувам со неа за една работа: потреба од високо образование - точно, да, потребно е високо образование и за македонците и за албанците и за сите оние што живеат во Македонија. Меѓутоа, како? Не секакво. Квалитетно и достојно образование. Јас лично мислам дека прашањето за високо образование кај албанците е апсолвирано и ние можеме само да го унапредуваме, а со вакви

проекти не носиме ништо добро, најмалку за популацијата на албанците и оние кои треба да учат на универзитетот, кој верувам, за жал, ќе биде изгласан од парламентарното мнозинство.

Што ме наведе да реплицирам? Во својот говор госпоѓата Станковска рече дека ние сме биле заложници. Можеби, да, меѓутоа, ние сме заложници на вистината која сакаме да ви ја пласираме и на вас и на македонската јавност. Пластично се обиде да ни објасни како во хемијата еден збор може да предизвика голема штета. Јас не се разбирам во хемија, бидејќи не сум хемичар. Јас сум правник. За жал, колешката не е правник, меѓутоа, како човек од образованието можеше барем да го прочита Законот за високо образование и да види колку еден член во Законот може да предизвика вистинска катастрофа. Ако тоа го стореше ќе видеше дека членот 198 од Законот за високо образование, на кој беа направени измени ми се чини со членот 49 во 2003 година, на кој пак се базира целиот овој проект околу тетовскиот универзитет, а кој како измени и дополненија се донесени надвор од правната теорија со користење на парламентарното мнозинство, секако, тогаш ќе беше лесно кој е заложник во овој Парламент.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господин Зуди Џелили беше пријавен за реплика, повелете.

ЗУДИ ЏЕЛИЛИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани пратеници,

Ќе се обидам да демантирам неколку тези на госпоѓа Станковска.

Нека го отстрани од умот оваа госпоѓа дека таа и нејзината партија ќе одлучуваат за судбината на високото образование на албанците во Македонија. Албанците во Република Македонија се државотворен народ и за својата судбина ќе одлучуваат самите.

Што се однесува до орлите што госпоѓата ги спомна дека некој се заканил дека ќе им ги скрати канџите и давам до знаење на оваа гопоѓа и на секого дека на орелот нема сила да му ги скрати канџите затоа што летаат на својата земја. И една поговорка вели дека оваа убава птица има две среќи, еднаш кога се раѓа и лета, а втората кога оди во војна.

Што се однесува до вработувањето на кадарот во тетовскиот универзитет, имено ДПА беше таа која ги вработи сите тие кои дипломираа на тетовскиот универзитет. Но, секогаш во тие институции што оваа партија ги има раководено

покажувајќи дека сме биле многу сериозен партнер и секогаш сме воделе сметка за судбината и среќата на албанците. Не сме како тие кои денес како госпоѓа Станковска се преправаат дека се демократи, а некогаш им рекле на албанците: Сите тие кои сакаат да учат албански, нека одат во Албанија, дека нозете ќе ви ги внесеме во една обувка. Имаат казнето професори и казнето ученици од средните училишта со многу години затвор.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали има некој друг за реплика? (Нема)

Доколку нема, преминуваме на дискусии.

Има збор господинот Сашко Кедев.

САШКО КЕДЕВ:

Почитувана потпретседателке, почитувани пратеници, почитуван господине министер за образование, еве конечно денес повторно после отприлика две неделна, тринеделна пауза го имаме пред нас Предлог-законот за формирање на државен Универзитет во Тетово. И сите очекувавме дека пред нас ќе имаме еден нов, или во најмала рака изменет предлог документ, бидејќи нормална процедура е кога еден законски проект ќе биде вратен од собраниска процедура, или Владата ќе го повлече, не се случило досега Владата да го поднесе истиот законски проект. Значи, најпрво имаме сериозно манипулирање на Собранието на Република Македонија и сериозно манипулирање на македонската јавност со овој потез. Веднаш по завршувањето на вчерашната, или завчерашната Комисија за образование ценетиот господин министер за образование потенцираше дека опозицијата воопшто со ниеден аргумент не го разубедила дека има некои нови моменти, или критериуми според кои не би требало да се усвои овој законски проект. Јас тука уште еднаш ќе потенцирам дека не само став на опозицијата во македонскиот Парламент, туку и став на целолкупната академска заедница во Република Македонија тука вклучувајќи ја и академската заедница на претставниците на албанската заедница во Република Македонија даде сериозни забелешки и сериозно го обвини овој законски проект дека е еден ретрограден проект, дека е една вулгарна политичка спогодба меѓу владеачката коалиција која што во најмала рака ќе води до намалување на квалитетот на решавањето на високото образование пред се на припадниците на етничките заедници.

Почитувани пратеници, дали треба уште еднаш да се потсетиме дека овој законски проект е против Уставот на Република Македонија, дека секој што го поддржува овој законски проект всушност го поддржува и кршењето на основните уставни начела на Република Македонија. Овој законски проект се базира на измените и дополнувањата на Законот за високо образование кој што на 18 септември 2003 година е оспорен пред Уставниот суд на Република Македонија. Значи, пред 4 месеци овој законски проект е оспорен. Моето прашање е, што ќе се случи ако Уставниот суд се држи и не верувам дека нема да се држи до основните уставни начела, ќе го одбие овој законски проект. Дали тогаш Собранието на Република Македонија треба да го делегализира формираниот условно речено нов трет државен универзитет. Значи, освен тоа што овој законски проект е против Уставот на Република Македонија е оспорен на Уставниот суд на Република Македонија, овој законски проект е спротивен и со важечкиот закон за високо образование. Беше спомнат членот 41 според кој се знае кој формира високо образовни институции според постоечкиот закон за високон образование. Значи, не само што го кршиме Уставот на Република Македонија, туку се крши и основниот законски проект кој што формално правно овозможува реализирање на овој законски проект. Никогаш не е на одмет да се навратиме на клучните примери кои што ги имаме претставниците на опозицијата и пошироката македонска јавност, тука вклучувајќи ја и академската заедница во Република Македонија на овој законски проект. Ниеден сегмент, ниеден дел од овој парауниверзитет не ги задоволува базичните, основните критериуми на една високо образовна институција. Значи, ниту еден основен предуслов не постои да се прифати и да се формира овој трет државен универзитет. Најпрво, не постојат сериозни финансиски средства кои што ќе дадат покритие за формирање на ваков универзитет. Второ, илјадници пати се спомна дека овој универзитет се планира да фуниционира на еден простор каде што доминира градежно земјиште и еден дел станбен простор кој што сеуште формално-правно нема решено статус во Република Македонија. Да не зборуваме за опремата која што е сериозно инсуфициентно, бидејќи во 21 век да се формира високообразовна институција со таа приложена опрема во најмала рака е несериозно и понижувачки пред се на претставниците на заедниците на кои што би требало да биде предоминантно усмерена оваа високообразовна институција. И конечно никогаш не е доволно да се потенцираат слабостите на потенцијалниот кадар кој што е приложен во планот и програмот за формирање на државниот универзитет во Тетово. Беше спомнато и повеќе пати апелирано, пред се до

пратениците на позицијата да го погледнат тој документ кој што би требало да значи предлог проект за формирање на државен универзитет, каде што ќе видите дека повеќе од три четвртини од таа скрипта е документ кај што се потпишувани некакви изјави за согласност, за партиципирање во настава, давани се на рака цртани табели и на рака, со слободна рака потпишувани и пишувани формулари каде што гледаме дека постои голем дел од кадарот, кој што не само што дипломирал на тој парауниверзитет, меѓутоа има голем дел од кадарот каде што графите за магистериум и докторски дисертации се празни. Значи на тие графи нема назначено и всушност има потенцирано дека тие кадри немаат ниту магистрирано, ниту докторирано. И покрај сите овие работи ниеднаш од ниеден официјален релевантен владин субјект, или претставник на ценетото парламентарно мнозинство еден единствен аргумент во однос на кадарот не слушнавме. Мора да се навратиме уште еднаш на 1999, 2000 година на начинот на кој што беше изменет и формиран Законот за високо образование кој што створи правна рамка за формирање на југоисточно европскиот универзитет или популарно наречениот Штулов универзитет. Тој законски проект беше правен во тесна соработка и во широка колаборација со официјалните претставници на релевантната меѓународна заедница пред се под диригентство на високиот комесар и претставник на ОБСЕ за малцинските прашања господинот Ван Дер Штул, потоа претставници на Советот на Европа и претставници на ЕУ. Во тој тим беа вклучени врвни експерти, професори и адвокати од Англија, од Белгија од Швајрација и од повеќе познати и афирмирани центри кои што дадоа значителен придонес за формирање на еден квалитетен законски проект кој што створи можност да се формира југоисточно европскиот универзитет во Тетово. Што се случи после тоа? После тоа со промената на власта и стапување на новата коалиција очигледно дека главен проблем на сегашната владина коалиција е кој го отворил тој универзитет. Мислам дека најмалку релевантно значење треба да се придаде на фактот дека зад тој универзитет стојат претставниците од Демократската партија на албанците и најмалку важно на било кој млад албанец е дали тој универзитет го формирала ДПА, или ДУИ и кој понатаму ќе се “грижи” за нивните интереси, бидејќи сегашниот законски проект ќе овозможи само отварање на нови проблеми. Ниту еден единствен проблем од сегментот на високото образование пред се на албанската заедница не се решава со овој законски проект. Сакам уште еднаш да потенцирам дека овој законски проект ќе отвори десетици и десетици крупни и сериозни законски проблеми во високото образование пред се на албанската заедница кои што ниедна влада и ниеден премиер во иднина нема да

може да ги реши. Беше потенцирано од Владата дека Владата има стратегија да ги вади на површина сите проблеми да ги вади од под тепих и на отворен начин на транспарентен начин, јавно да ги решава тие проблеми. Меѓутоа, почитувани пратеници, Владата на Република Македонија на начинот на кој што го предлага овој законски проект не вади од под тепих ништо, туку прави дамки кои што никој во иднина нема да може да ги исчисти. Тоа е нешто за што треба Владата да биде свесна дека прави законски проект кој што ќе доведе до иреверзилни промени во високото образование, меѓутоа не само во високото образование. Сметаме дека актуелниот предлог законски проект ќе има далекусежни последици, И затоа уште еднаш апелираме пред се до претставниците на мнозинството во Парламентот да се надминат себе и да гласаат по своето сопствено убедување, да ги имаат во предвид мислењата на академската заедница на Република Македонија без разлика на етничка припадност која  што конечно во Собрание ги достави своите мислења и заклучоци. Ние конечно пред нас го имаме мислењето на ректорската управа, мислењето на Сенатот на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" и мислењето на Природно-математичкиот факултет. Тоа се мислења кои што не треба да бидат занемарени. Би ве потсетил дека тие мислења го напаѓаат и го обвинуваат начинот на кој што Владата сака да пристапи кон решавањето на овој проблем. Не би сакал уште еднаш долго да се задржам на мислењето на Одборот за акредитација, бидејќи е сериозно злоупотребено, тоа мислење е негативно и македонската јавност треба да знае дека Владата носи законски проект кој што е против Уставот на Република Македонија, против законот за високо образование на Република Македонија, против ставовите на академската заедница во Република Македонија и против сите возможни и транспарентни мислења доставени до Собранието и до сите релевантни фактори.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави господинот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Три минути, ќе се обидам дел од тезите што беа кажани. Прво, ако викаме, не значи дека имаме неколку аргументи тука да правиме паника во салата, туку да зборуваме со аргументи, а не со повишен тон, па тоа да ни надоместува некое немање на аргументи. Пратеничката група на СДСМ си гласа секогаш по свое убедување и секогаш после опстојна анализа на сите законски проекти како и овој

законски проект што помина и затоа не го поддржуваме, бидејќи мислиме дека е, прво, закон кој ќе придонесе за вклучување на една поголема група на луѓе во степенот на високо образование и со тоа нема да загрози никој во нашата Република. Ректорската управа како што самата вика, одржала академска расправа ама во ниеден од тие заклучоци не вика дека не треба да се формира. Второ, доколку нешто сме оспориле, не значи дека тоа е противуставно. Да не се повикаме на милион кривични пријави што ги има, па ние не сакаме да веруваме, туку тоа во судската постапка ќе се докаже. Значи, нешто што е започнато Уствниот суд ќе си каже, а не сме ние тука што ќе ги коментираме заклучоците на Уставниот суд. И уште еден дел од тие тези, значи приватен универзитет е оној кој не го основа државата, а државен е оној кој го основа државата. Приватен универзитет е оној кој државата не го финансира, а државен е оној кој го финансира. И уште еднаш ќе повторам минатиот пат што кажав, може да се случи со оглед на финансиската моќ некој да не може да се запише на Штуловиот универзитет и може да се случи ниеден албанец да не се запише, бидејќи можеби како приватен ќе наметнат висока цена на школарината. И затоа мора државата да се грижи согласно сите законски одредби да вклучи што поголем број луѓе во високообразовниот процес и затоа сака да им го овозможи.И затоа формира државен уинверзитет за да се заштити и од високите школарини и од моментот кога ќе престане да се финансира Штуловиот универзитет како приватна иницијатива.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одговор на репликата, господин Кедев.

САШКО КЕДЕВ:

Благодарам за репликата. Најпрво ќе потенцирам дека уште еднаш треба да се проанализираат сите сегменти за високото образование, значи финансирање, простор, опрема и кадар. Во тие базични делови не постои ниеден аргумент кој што ќе го оправда формирањето на овој државен универзитет. Значи, не дека ние немаме аргументи, туку не постои ниеден аргумент. Во однос на изнесувањето на позицијата мислам ќе биде коректно да биде тоа јавно гласање и македонската јавност да види кој гласа и кој поддржува еден ваков параУниверзитет.

Во однос на уставноста 4 месеци пред Уставниот суд стои уставен спор. Што ќе се случи ако Уставниот суд го поништи овој закон и тогаш што ќе се случи со тие манипулирани студенти. Во однос на финансирањето и на сегашниот

парауниверзитет во Мала Речица студентите плаќаат и тоа добро плаќаат, плаќаат за партиципација, за секој испит и понатаму ќе плаќаат. Значи воопшто финансирањето нема да има никаков импакт. Меѓутоа, ќе има сериозно влијание на финансирањето на целокупното високо образование во Република Македонија, бидејќи отворањето на нов универзитет ќе значи сериозен финансиски удар на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" и Битолскиот универзитет. Значи, ќе се разводни квалитетот на високото образование во Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави господинот Аднан Јашари.

АДНАН ЈАШАРИ:

Ви благодарам госпоѓо потпретседател, и покрај тоа јас ќе се заложам кратко да одговорам на почитуваниот професор Кедев, бидејќи и денес и на претходната седница кога стануваше збор за универзитетот, за основањето на државен универзитет во Тетово господинот Кедев повторно се повика алудирајќи на тоа дека овој предлог е противуставен. Минатиот пат му кажав, ќе му кажам и сега, добро е да го прочитате членот 8, прочитајте го членот 47. Колку за информација господине Кедев, во 1997 година имав еден разговор, телевизиски разговор со неколку професори од Универзитетот во Скопје за Уставот од 1991 година, за тоа дали се дозволува образованието на албански јзазик, или не е дозволено. Да ви кажам право тогаш се повикавме на член 8 алинеја 2, една основа што за мене лично мислам дека е една уставна рамка, но на ова мислење беа и тогашните професори, ова е една многу јака уставна рамка врз која се заснова овој предлог закон. Вие отворете го Уставот и кажете ни која е таа уставна одредба која го спречува, или со која се повикувате дека овој предлог е противуставен.

Второ, не заборавајте уште нешто. Универзитетот како и другите униврзитети, ова го потврдува и членот 4 од Законот за високото образование. Ако не знаете ќе ви потенцирам дека албанците имаат една институција на високо образование, тоа е Педагошкиот факултет. Кажете ни дека ова е противуставно кога овој факултет функционира неколку години station наназад.

Трето, се повикувате на квалитетот и незнам што, заборавајќи дека членот 25 од Законот за високо образование предвидува основање на еден орган кој се вика акредитивен одбор чиј член сум јас. Тој одбор е компетентен за да каже што е квалитет, а што не е квалитет.

На крајот не заборавајте исто така дека постои еден подзаконски акт кој се вика деловник за стандарди кој квалитетно, јасно и на дециден начин го регулира и го предвидува овој деловник.

САШКО КЕДЕВ:

Благодарам за репликата.

Во однос на уставноста на законот само би го навел ценетиот пратеник на уставниот спор кој е покренат пред 4 месеци, значи имаме спор, бидејќи за една минута немам време да ги објаснам сите уставни начела, уставноста е успорена официјално на Уставен суд. Тоа може да се провери кои сегменти се спорни.

Тука не треба да има дилеми дека меѓу сите имаме консензус, дека никој не е против за можноста за високо образование на мајчин јазик, значи постои политичка волја да се решава тој проблем и таа волја е решена со манифестираното отворање на Југоисточниот универзитет во Тетово. Меѓутоа, сега имаме една политичка волја која е резултат на еден вулгарен политички договор помеѓу актуелната владина коалиција.

Уште еднаш ќе потенцирам дека високото образование сигурно дека треба да има одредена политика, меѓутоа, образовна политика, во никој случај политичко договарање и преговарање кое води кон уништување на квалитетот на високото образование.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г. Гзим Острени. Потоа г. Хусеинџеват.

ГЗИМ ОСТРЕНИ:

Почитувана госпоѓо потпретседател, почитувани колешки и колеги,

Би сакал да реплицирам многу кратко, причините поради кои не треба да се прифати тетовскиот универзитет се вели затоа што нема материјални средства, нема соодветни кадри.

Опозицијата вели дека секој има право на образование, тогаш кој ни е крив што овој универзитет нема средства, нема кадри. Да го слушнам ова од еден господин доцент, мислам дека тој треба да се чувствува лошо. Наместо да почувствува одговорност заедно со мене за една ваква настаната состојба, господинот говори како да се виновни оние кои учат и работат во такви лоши услови. Ние ги поправаме грешките сите заедно, затоа мислам дека на овој начин нема да ги решиме проблемите, туку треба да прифатиме дека албанците имаат потреба, но не

би рекол само албанците, би рекол дека се има потреба да се има еден универзитет на албански јазик затоа да се обидеме сите да ги поправиме грешките.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господинот Кедев, реплика од една минута.

САШКО КЕДЕВ:

Ви благодарам за репликата.

Во однос на финансиските средства ќе наведам дека минатата година постојните државни универзитети едвај ја преживеаја и оваа година бараа минимум 50% покачување на буџетот.

Од друга страна сакам да ја потсетам целокупната пратеничка група на позицијата дека кон крајот на месецот имаме најавено штрајк на Синдикатот на образованието поради финансиски проблеми. На кој начин велите дека има финансии кога финансии во ниеден дел од образовниот систем нема доволно. Со отворањето и формирањето на овој универзитет само ќе се постигне:

Прво, намалување на квалитетот на постоечките високо образовни институции и

Второ, континуирано ќе се продолжи со манипулација на студентите од сегашниот парауниверзитет, бидејќи голем дел од нив и по ова ќе останат надвор од системот. Што со поголемиот дел од студентите кои не се опфатени со овој законски проект.

ХУСЕИНИ ХУСЕИНЏЕВАТ:

Би кажал неколку забелешки на г. Кедев. Вие дадовте неколку судови за квалитетот на идниот универзитет кој ќе се основа. Вие не ги познавате тие ниту сте влегле во контакт со истите. Господине Кедев го фалите квалитетот на Штуловиот универзитет, вие не знаете дека 40% од професорите кои предаваат тука се истите кои предаваат и на тетовскиот универзитет. Господине Кедев 100% од професорите поминаа на Штуловиот за поголеми плати инаку беа работници на тетовскиот универзитет. Зошто во вашето време не го легитимиравте истиот.

За буџетот немам многу да кажам во оваа насока, буџетот се товари, но човек каков што сте вие со професионална етика треба да знаете дека освен човекот покрај милоста, моралот, покрај работата, комплетно со доблест го прави со еден елемент, а тоа е елемент - благодарност, господине Кедев.

Во времето кога албанците учествуваа во партиципација во оваа држава со 20-30% застапеноста на албанците беше 0,5% или 1%. Секој од вас и ти господине Кедев во твоето образование ги имаш парите од еден албанец. На овој начин се заблагодаруваш?

Колку за големата љубов проформа која знаете проблемот бил наш, нас не тангира ние да размислуваме дека ова не е добар проект, јас ви велам не сакајте не толку многу дека големите љубови се убиствени, а вашата е толку ваква.

Благодарам.

(Во 17,30 часот со седницата продолжи да раководи претседателот на Собранието г. Љупчо Јордановски).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута контра реплика на г. Кедев.

САШКО КЕДЕВ:

Никако не би ја пропуштил можноста за ваква контра реплика по вака аргументирана реплика, посебно во однос на квалитетот.

Не би сакал многу време да изгубам само ценетиот пратеник би го упатил да го погледне планот и програмата, да види дека ¾ е на рака напишан материјал, да ги види биографиите на потенцијалните наставници на тој универзитет. Од друга страна не е само мој став, туку став на најпроминентните ваши наставници, на албанската заедница, професори кои во еден период биле во тој универзитет и го осудуваат овој начин. Овој начин не води кон решавање на проблемот на високото образование на албанците, туку ќе отвори нов проблем.

Уште еднаш прашање, што ќе правите со останатите студенти кои се надвор од овој законски проект, студентите на Медицинскиот факултет кои по година две ќе имаат дипломи. Дали ќе ги вработувате автоматски по Рамковниот договор во клинички центар во другите здравствени институции во Република Македонија? Дали тоа ќе биде вашиот одговор преку нов проблем да го решавате другиот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика има пратеникот Грковска Славица.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Господине Кедев како пратеник професионално ангажиран во ова Собрание треба да бидете пример како сите ние за почитување на законите. Во таа

смисла би требало да знаете да го познавате Законот за високо образование, да знаете дека во ингеренциите на пратениците е донесување на закони, меѓутоа, не и проектот што се однесува на основање на универзитет.

Согласно членот 40 од Законот за високо образование, Предлогот за донесување на закон е само еден од документите кој е потребен да се има за основање на високо образовна институција.

Согласно член 26 Одборот за акредитација во рамките на своите права и обврски утврдува дали за проектот за основа на високо образовна установа и поднесената документација се исполнети условите за вршење на високо образовна дејност.

Одборот за акредитација е составен од 15 члена, сите се универзитетски професори. Јас не се осмелувам на ваше место да кажам дека тие нема професионално да си ја извршат задачата и доколку со проектот не е како што треба би дале позитивно мислење.

Согласно член 45 од Законот за високо образование по добиеното решение за акредитација, матичната комисија ги врши подготвителните работи, меѓу другото, врши избор на наставници и соработници. Матичната комисија е составена од 7 члена со наставни научни звања од научната област. Повторно сакам да потенцирам дека законот е само еден од документите што треба да се содржи во проектот за основање на високо образовна установа и дека ние треба да обезбедиме да ги почитуваме институциите на системот кои се во овој случај автономни да одлучуваат за ингеренциите од нивен домен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута господине Кедев.

САШКО КЕДЕВ:

Благодарам за репликата.

Во однос на функционирањето на правната држава би ја упатил почитуваната пратеничка на фактот дека формирањето на овој универзитет е против уставно, оспорено на Уставниот суд на Република Македонија.

Второ, просторот е узурпиран.

Трето, кадарот не ги задоволува базичните критериуми за една високо образовна институција.

Вие овде протежирате едно фиксирање на формално правните аспекти, меѓутоа, вие не можете да поминете преку тоа дека Одборот за акредитација и потпишаниот претседател дава негативно мислење, не е доволно да имате само хартија, мислење од Одборот за акредитација и да биде задоволен вашиот формално правен аспект.

Прочитајте го тој документ, ќе бидите дека тој документ е негативен значи, не поддржува формирање на тетовски универзитет на основите кои се приложени, а не формално правно дека има мислење.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Кедев.

Реплика има г. Талат Џафери.

Повелете три минути.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Благодарам г. претседателе за репликата.

Јас би сакал да му реплицирам на г. Кедев во однос на неколку сегменти кои ги спомна во неговата дискусија.

Првично би сакал да кажам дека се радувам што стигнавме до една фаза на парламентарна комуникација во споредба со претходната дебата која ја имавме на минатата седница во врска со ова прашање.

Би почнал со теоријата дека албанците немаат потреба да разговараат за оној политички субјект за основање на универзитетот било да е тој на Југоисточна Европа или тетовскиот универзитет и јас велам да затоа што политичките партии не се тие што основаат универзитети. Се говори за образовната политика и за квалитетот, да јас велам и тоа го потврдувам дека треба многу да се говори за таа политика, меѓутоа, тоа го потврдувам во негативна конотација затоа што бројни се теориите кои се засноваат токму врз овој аргумент за наводното немање потреба на постоење на образовен систем затоа што претходните теории говорат наводно за лош квалитет на основното и средно образование и врз оваа теорија, врз оваа основа се базира вашата констатација дека овој универзитет ќе биде слаб.

Токму поаѓајќи од оваа теоретска поставка ние тежнееме тетовскиот универзитет формиран како граѓанска иницијатива со одлука на три општини Тетово, Гостивар и Дебар да влезе под чадор на државата и под одговорност на државата како одговорна за сите нивоа во образованието и има континуитет во таа насока.

Друго прашање, вие зборувате за спорот пред Уставниот суд. Господине Кедев ние сме во највисокиот законодавен дом на Република Македонија, во Македонија според Уставот за кој многу говорите власта е поделена на законодавна, извршна и судска. Не можат политичките теории да се засноваат врз предрасудите врз предвидувањата за тоа какви одлуки ќе донесе Уставниот суд кој е зависен било по Устав или дефиниција, затоа секоја одлука на судот треба да ја гледаме и анализираме по добивање на таа одлука, а не пред таа воопшто да биде разгледана односно донесена.

Вие говорите за просторниот план, да, и тој е во судски спор, во судска постапка за која ќе треба да одлучи судот, а не ние преку нашите дискусии.

Говорите за штрајкот, идниот штрајк на вработените во образованието, да ќе има штрајк, меѓутоа а не како резултат ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам ви поминаа трите минути.

Една минута контра реплика за господинот Кедев.

САШКО КЕДЕВ:

Благодарам на репликата.

Најпрвин би го изразил моето големо задоволство што со ценетиот пратеник имаме ист став дека политичките партии не смеат да формираат универзитети. Јас многу го ценам и респектирам ставот на ценетиот пратеник Џафери и сум 100% согласен дека политичките партии не смеат да формираат универзитети, за жал, нивната коалиција не само што формира универзитет, туку формира универзитет на најлош можен начин.

Во однос на квалитетот би се повикал на принципите на декларацијата за современите трендови во високото образование во Западна Европа каде што се фавозира т.н. Кредит трансфер систем. Тој систем не е поставен во овој законски проект. Значи, уште на почетокот имаме едни ретроградни процеси на враќање назад на квалитетот на високото образование, наместо да се насочиме кон следење на препораките на декларацијата со Кредит трансфер систем ние фаворизираме сосема обратно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Кедев.

Бидејќи нема реплика (реакција од пратениците дека има).

Слушајте, ве молам, треба повторно да се договараме?

Повелете г. Трендафилов, реплика на г. Кедев.

По кој дел од настапот на г. Кедев мислите да реплицирате, по кој став?

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Господине Јордановски во членот 86 кој го третира ова прашање се вели дека пратеник може да интервенира и во функција на лично дообјаснување за прашањето кое е на дневен ред.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

По кој став треба да го дообјасните?

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Во смисла на ерозијата на високо образовниот систем во Република Македонија кој ќе се јави ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро, имате три минути, повелете.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Сакам да потсетам во смисла на тоа што г. Кедев го истакна во повеќе наврати дека кон крајот на минатата година Република Македонија беше домаќин на ректорска средба на универзитетите ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам г. Трендафилов вие го спомнавте членот 86?

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Да, да.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Таму пишува потреба од лично дообјаснување. Колку што знам вие не сте Сашко Кедев, лично дообјаснување може да даде самиот говорник.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Да си реплицира самиот себе си?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да се дообјасни лично преку контра реплика. Како вие го толкувате, предизвикот од недоразбирање од лично дообјаснување.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Господине Јордановски на пратеникот кој побарал збор да исправи неточно пренесен навод или навод што предизвикал недоразбирање и потреба од лично дообјаснување претседателот ќе му даде збор (реплика).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ваше лично дообјаснување?

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Недоразбирање и лично дообјаснување, верувам дека вие не би му дале повторни три минути на г. Кедев да зборува.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не, тој на реплика може лично да се дообјасни, на контра реплика, но ајде повелете, бидејќи почнавте, но по овој член за лично дообјаснување не давам повеќе реплика.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Станува збор за ректорската средба од универзитетите на земјите кои се протегаат долж Коридорот 8, меѓу другите учесници беше и учесник ректорот на Универзитетот во Бари. При расправата на тој форум кој се одржа во Република Македонија почитуваниот гостин од Универзитетот во Бари дозна дека во Република Македонија има див универзитет. Ќе се согласите дека неговото реагирање навистина беше на место затоа што едноставно во терминологијата на која е навикнат и однесувањето на кое воопшто е навикнат ректорот на Универзитетот во Бари таква појава едноставно не постои не само во земјите членки на Европската унија, на институционалниот дел на Европа, туку воопшто на Европскиот континент такво нешто не постои освен во Република Македонија.

Обидот Владата да го легализира малоречанскиот универзитет оди токму во таа насока дека ќе биде ерозина квалитетот и вредноста на дипломите кои до сега се издавани или ќе се издаваат во иднина од посојните универзитети во

Република Македонија, тоа се Свети Кирил и Методиј, Свети Климент и Штуловиот универзитет.

Значи, ние не излегуваме како земја претендент за влез во Европската унија, згора на тоа во Собранието се раправаше во минатото по одредени прашања дека сме како земја потписници на Болоњската конвенција, дека ќе прифаќаме одредени стандарди, но ние се оддалечуваме од тие стандарди затоа што се појавуваме пред Болоњската ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Трендафилов, поминаа три минути.

Господине Спиро Мавровски, вие лично дообјаснување или имате да корегирате.

Нема да воведувам пракса, бидејќи овде е за лично дообјаснување. Во тој случај по кој дел од говорот на г. Сашко Кедев мислите да реплицирате? Кажете ми по кој дел од говорот? Значи, тој кажал нешто погрешно. Господине Кедев вие погрешни информации давате овде пред јавноста.

Ве молам да престанеме со вакви играрии.

Имате три минути, повелете.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Господине претседателе, почитуван колега Кедев, од излагањето на господинот Кедев во поголем дел се сложуваме, но во делот каде сакаше господинот Кедев да објасни за образовниот кадар на универзитетот во Тетово, мислам дека пропушти, дали од тоа што неговото време за кажување беше ограничено или воопшто можеби ги пропуштил ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам господине Мавровски уште еднаш ќе ви го прочитам членот 86.

Вели: “Пратеникот кој побарал збор, да исправи неточно пренесен навод, или навод што предизвикал недоразбирање”.

Вие сега рековте да го дополнам. Нема предизвикано недоразбирање. Вие сакате да дополните. Затоа оваа реплика не ја прифаќам.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Господине претседателе има неточен навод.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам прочитајте го членот 86. Вие рековте, сакам да го надополнам. Овде се вели, предизвикал недоразбирање.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Неточно изнесен навод има господинот Кедев.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Кој е тој неточно изнесен навод?

Повелете.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Господинот Кедев кажа дека тие професори кои се на универзитетот во тетовскиот универзитет кој треба да го формираме, завршиле по наши универзитети, во Скопје, во Приштина, незнам каде на друго место, но заборави да каже една многу битна работа, еден дел од тие професори кои треба да бидат професори, студирале на универзитетот кој треба да го отвориме, тука дипломирале, тука магистрирале и тука докторирале. Ние сега таму треба да отвораме универзитет. Јас незнам што ќе отвораме. Дали тоа функционира, или не функционира?

Господинот Кедев добро кажа, тие луѓе се потпишале дека ќе бидат кандидати за професори. Таква работа досега никој од вас, тука има и универзитетски професори, не ве молел да потпишете дека ќе станете професори на наредниот конкурс. Тука токму за тоа се работи. Сега господата ако сакаат да не убедат во некои други аргументи,  говоревме многу време и тука јас му замерам на господинот Кедев што тоа не го искажа. Тоа е мојата процедурална забелешка и мојата реплика.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете Кедев имате контрареплика една минута.

САШКО КЕДЕВ:

Да нема недоразбирања, поради временските ограничувања немав можност да ги кажам сите работи.

Меѓутоа, во однос на кадарот, не само квалитативно, туку и квантитативно не се задоволени критериумите. Високообразовниот кадар кој што е потенцијален кадар е некаде скоро 50% од минимумот кој што е потребен.

И во претходните измени на Законот за високо образование, можеби тенденциозно беше намален потребниот број. Меѓутоа и покрај тие измени, во моментот немаме оптимален број квантитативно, не само квалитативно кадар.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Рафиз имате реплика?

Повелете.

РАФИЗ ХАЛИТИ:

Мислам дека претходниот говорник постави неколку тези кои не држат. Посебно ги повика пратениците со нивната свест да гласаат, а не под пресија на некој друг. Мислам дека времињата на пресии во гласањето поминаа и мене не ми е познато во текот на мандатот на оваа Влада дека е оптужен некој пратеник да гласал за или против некоја одлука на политички субјект или на оваа Влада. Така што ова време е минато за нас и ќе гласаме според нашите убедувања.

Што се однесува до тоа што го зема правото да зборува во име на ДПА, мислам дека парламентарната група на ДПА е тука и неговите коментари и прогнозирања во врска со тетовскиот универзитет тие самите ги кажат.

Според тоа што е кажано од парламентарната група на ДПА, тие ќе го поддржат чинот на гласањето во доброто на основањето на тетовскиот универзитет. Така што господине Кедев се послужи со тези кои не се вистински. Не е добро да се повикува во име на албанските интелектуалци и албанските професори, бидејќи албанските интелектуалци и професори, мнозинството, во тоа време кога се основаше тетовскиот универзитет беа предавачи на Скопскиот универзитет. Значи оваа теза не држи бидејќи се знае кој го основа тој универзитет.

Што се однесува до другите земји во светот нема ваков универзитет како овој во Тетово, па јас ќе го потсетам господинот Кедев дека нема други места во светот кои го спречуваат образоанието на своето население, туку ова се случува само овде кај нас во Македонија, со години наназад.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Кедев имате една минута контра реплика.

САШКО КЕДЕВ:

Му благодарам на ценетиот колега за репликата.

Најпрвин сакам да искажам, не верувам дека и меѓу претставниците на парламентарното мнозинство има некои кои би наседнале на одредени притисоци и тоа воопшто не сакам да го коментирам.

Инаку во однос на тоа која партија основала универзитет на припадниците на етничките заедници, мислам дека на студентите тоа најмалку им е важно. Затоа не сакам да навлегувам во тезата на колегата пратеник дека нивната партија е лидер на високото образование на албанците. Би сакал само да потенцирам дека еден од основните критериуми во сегашната состојба на степен на високо образование во Западна Европа, претставува принципот на деконцентрација на високото образование. Значи наместо да ги средиме тие принципи каде што имаме правен и економски факултет на Штуловиот универзитет, вие повторно нудите правен и економски факултет на неколку десетици и стотина метри. Значи не се придржувате до основниот принцип на деконцентрација.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Кедев.

Овде завршуваме со реплики, и од кај позицијата и од кај опозицијата.

Збор има господинот Јорданчо Тасев.

(Реакција од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ).

Имам право да не дадам реплика. Овде пишува “ќе му даде збор”, што не значи дека морам да му дадам збор, како што пишува за процедурално “веднаш”. Затоа ни од една пратеничка група повеќе не прифаќам реплики.

Повелете господине Орданчо Тасев имате збор.

(Пратениците на ВМРО-ДПМНЕ реагираат).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓа Ганка Самоилова, процедурално.

ГАНКА САМОИЛОВА-ЦВЕТАНОВСКА:

Претседателе барам да ми објасните според кој принцип ни го одземате правото на реплики, кога се јавуваат пратеници од опозицијата. Зошто тоа не го сторивте кога се јавуваа да реплицираат пратеници од владеачкото мнозинство. Кој е принципот на дискриминација кој во моментот го воведувате. Ве молам да ми одговорите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не е дискриминација тоа, бидејќи ни на една пратеничка група повеќе не давам реплика.

Господине Груевски немојте да станувате. Не давам на никого реплика затоа што имам право да не дадам реплика и збор да не дадам, ако одлучам така.

Повелете господине Орданчо Тасев.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата,

Денес, на денешнава седница, морам да потенцирам, на општо изненадување на целокупната македонска јавност, како и на пратениците од опозицијата, а верувам и на дел од пратениците од опозицијата, повторно се најде на дневен ред и тоа како прва точка, Предлогот за донесување на законот за основање на државен универзитет во Тетово, со Предлог-закон.

Сметаме како пратеници, особено пратеници од опозицијата дека предлагачот, т.е. Владата на Република Македонија, после маратонската седница пред новогодишните празници и после силната аргументација презентирана од наша страна, со која ја споревме оправданоста на владиниот проект за отворање на државниот универзитет во Тетово на албански јазик, дека ја сфати својата грешка и заблуда, наречена тетовски универзитет, осудена и неприфатена, како од пошироката македонска јавност, така и од меѓународниот фактор. Но за нас од несфатливи причини, или недоволно убедена од нашите аргументи, или пак силно притиснати од коалициониот партнер од албанска провиниенција ДУИ, еве денес повторно се расправаме за приватната забава на сега актуелната власт односно за граѓанската иницијатива, како сега милува да го нарече парауниверзитетот или дивоградбата од Тетово.

Лично сметам, поради повторното ставање на дневен ред на ова прашање, голем дел од пратениците на позицијата, па и нивните раководства, верувам, едноставно се засрамени од ова што го предлага Владата, значи легализацијата на дивоградбата на тетовскиот универзитет и тешко им паѓа кога гледаат дека навистина коалицијата на СДСМ е единствено принципиелна во својата непринципиелност. Имено, македонската јавност навистина не може да се изначуди како е можно истиот премиер кој испраќаше полиција, борни коли и специјални единици да ја задушат приватната забава на тогаш и според нив дивиот нелегален и таканаречен парауниверзитет, со таканаречен и самопрогласен ректор, денес со

чиста совест и без грам на некаква задршка да ни предлага негова легализација и со тоа да ни наложи да плаќаме, ни малку ни повеќе туку три милиони евра годишно.

Се поставува прашањето дали со ставањето и извршувањето на овој закон, СДСМ повторно планира да ни каже дека имало фабрична грешка во нивната политика до 1998 година, односно дали со ова признава дека акциите на полицијата и специјалните сили во Тетово за рушење на дивоградбата, се грешка. Ако е тоа така, тогаш тие се должни пред македонската јавност да ја кажат вистината за тетовскиот универзитет и да се извинат за таа вистина, како и на сите субјекти таму во Тетово кои беа малтретирани, тепани па и повредувани.

Почитувани колеги пратеници,

Можеме со голема сигурност да констатираме дека Владата на Република Македонија крајот на 2003 година го одбележа со еден голем неуспех, со еден настан врзан со признавањето на тетовскиот универзитет, кој веројатно ќе влезе во историјата на македонскиот парламентаризам, а тоа е таа маратонска седница на која пратениците на опозицијата, аргументирано ја оспорија легализацијата на тетовскиот универзитет и тоа во отсуство на пратениците на позицијата кои ја напуштаа салата, дел заради недостаток од контра аргументи, а дел и заради несогласувањето со законот за основање на државниот универзитет во Тетово, на албански јазик. Меѓутоа, како и да е, остана да виси во воздух прашањето, дали Владата на Република Македонија со однесениот проект основа нов државен универзитет на албански јазик, или пак го легализира парауниверзитетот од Мала Речица, бидејќи се работи за сосема различни закони, за основање, согласно Законот за високото образование, или пак за лелагилазација на параинституција спротивно на домашните и меѓународните позитивни законски прописи.

До колку претставува легализација, што е факт, даваме лош пример како можат да се легализираат парасостојби. На пример единиците на ОНА или АНА да станат легални единици. Значи пример на легализација на иницијативи, со употреба на сила. Ќе го наведам и примерот со Градскиот стадион во Тетово, Тутунскиот комбинат, па дури и Тетовското теќе кое повеќе време е окупирано. Причините, господа пратеници, за легализација, од анализите, се сосема јасни. Тие се од политичка природа.

Кои, заправо, причините и мотивите на коалициониот партнер ДУИ за едно нивно силно инсистирање за отварање на државен универзитет на албански јазик,

кога се знае и сосема е јасно дека со отворањето на мултиетничкиот Штулов универзитет, прашањето на високото образование на албанците е решено.

Се поставува прашање, дали затоа што наставата не се одвива исклучиво само на албански јазик, значи да биде пандан на македонските универзитети, а со тоа овој не би имал и статус на државотворен универзитет, а сето тоа во контекст на реализацијата на големоалбанската идеја, прокламирањето на Македонија за бинационална држава, што пак од своја страна ќе значи и увод во федерализација на Република Македонија, со крајна цел за отцепување на еден нејзин дел и припојување кон големодржавните творби. Можеби една од причините е и ветувањето за признавање на стекнатите 10 илјади дипломи на тетовскиот универзитет, за кои подоцна ќе се врши силен притисок, особено кај структурите на ЕУ, за нивно вработување, наспроти легално стекнатите дипломи на македонските универзитети.

Почитувани колеги пратеници, со легализацијата на овој универзитет, бидете убедени дека е легализиран универзитет кој не ја признава македонската држава и нејзините белези, а граѓаните на Република Македонија ќе ја финансираат институцијата која се бори за дезинтеграција на Република Македонија. Примери за тоа има многу. Ќе набројам само неколку.

На 17.12.2003 година, параунивезитетот од Мала Речица славеше 10 годишнина од своето нелегално работење, но со албанско државно знаме, без симболи на државата и на граѓаните кои треба да го финансираат. На самата прослава е изразена и јавна благодарност од нивниот ректор до некој си командант Баци, за окупација на просториите на Тетовскиот монопол.

Во режија на параунивезитетот наместо студентски барања за квалитетно образование, се бараше ослободување на водачи или убијци на ОНА, а некои од нив се и во бегство.

Со легализацијата на овој параунивезитет сметам дека Владата на Република Македонија треба да биде свесна дека овозможува промоција на албанскиот јазик како рамноправен со макеоднскиот, со што всушност би се загрозил односно би се изгубил унитарниот карактер на Република Македонија како држава.

Сакам да потенцирам во оваа прилика дека она што особено иритира или е фрапантно во целата оваа ситуација е пасивниот однос или недоволно критичкиот однос на македонската интелектуална елита, особено однесувањето на факторите од високошколските установи кои својот мек пристап или пак неутралност, фактички

го поддржаа овој проект, наместо со една добра анализа да се одговори на идејата на предлагачите за отворање на политички штетен универзитет за државата.

Доколку продолжиме со донесување на вакви противуставни законски проекти, доколку овозможиме со тоа промоција на албанскиот јазик како државотворен и ако стане официјален на целата територија на Република Македонија, да бидеме убедени дека тоа ќе значи крај на македонската самобитност и од Република Македонија нема да остане ништо освен што ќе егзистира како една мултиетничка географска територија која наводно, скоро треба да влезе во Европската Унија.

Овде треба да го поставиме прашањето и за ставот на Меѓународната заедница по овој проект, иако, токму таа Меѓународна заедница го прокламира Штуловиот универзитет.

Убеден сум дека молкот и неизјаснувањето на Меѓународната заедница значи неодобрување на овој проект и целосна поддршка на Штуловиот универзитет. А францускиот пак амбасадор Франсоа Терал беше дециден и застана цврсто против легализацијата на тетовскиот универзитет, или како сега сакаа да го наречат граѓанска иницијатива.

На крајот би завршил со констатацијата на професорката Гордана Силјановска која во една прилика има речено - не може да се формира правен факултет на бесправен начин. Затоа господа дајте да се бориме за едно квалитетно високо образование кое ќе биде во функција на просперитетот на Република Македонија и тоа квалитетно високо образование за сите кои живеат во Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Тасев. Ви поминаа десете минути за дискусија.

Бидејќи помина 18 часот, ја затворам седницата и продолжуваме утре во 11,00 Часот).

Седницата прекина во 18,00 часот.